









# Стратегија за развој на Еко туризмот во Берово




Берово 2005

ПРОЕКТОТ Е ПОДДРЖАН ОД

**Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа со средства обезбедени од Europe Aid Канцеларијата за Соработка на Европската Комисија**

## СОДРЖИНА:

Предговор---------------------------------------------------------------------------------4
Вовед-------------------------------------------------------------------------------------5
Членови на граѓанскиот комитет и листа на учесници во проектот -------8
Стратегија за Еко туризам
1.Општи информации за општината и моментална состојба --------------11
(Проценка на моменталната состојба во Берово со посебен осврт на Еко туризмот и можностите за негово развивање.)
1.1. Географска положба-------------------------------------------------------11
1.2. Клима------------------------------------------------------------------------11
1.3. Хидрографија-----------------------------------------------------------------12
1.4. Патна мрежа-----------------------------------------------------------------13
1.5. Флора и Фауна---------------------------------------------------------------14
1.6. Стопанство--------------------------------------------------------------------14
1.6.1. Мало стопанство------------------------------------------------14
1.6.2. Дрвно преработувачка индустрија-----------------------------16
1.6.3. Градежна индустрија-----------------------------------------------16
1.6.4. Прехрамбена индустрија-----------------------------------------16
1.6.5. Текстилна индустрија---------------------------------------------16
1.6.6. Други видови индустрија------------------------------------------17
1.7. Туристички капацитети---------------------------------------------------17
1.8. Туристички информативен пункт-------------------------------------18
1.9. Население и населби-------------------------------------------------------19
1.10. Занимање на населението----------------------------------------------20
1.10.1. Население и стапка на невработеност-----------------------------21
1.10.2. Податоци од попис 2002------------------------------------------------22
1.11. Управување со отпад-------------------------------------------------------23
1.12. Култура-------------------------------------------------------------------------23
1.13. Историски споменици -------------------------------------------------------25
1.14. Образование--------------------------------------------------------------------26
1.15. Здравство------------------------------------------------------------------------27
1.16. Листа на НВОи------------------------------------------------------------------27
1.17. Спорт--------------------------------------------------------------------------------30
1.17.1. Спортски клубови-------------------------------------------------31
1.17.2. Спортски објекти--------------------------------------------------32
2. Проекти на општината – Локалната самоуправа----------------------------34
2.1. Локална Агенција за Развој-----------------------------------------------------35
3. Визија------------------------------------------------------------------------------40

3.1. Визија на присутните за Берово во следниве две години----------------40
3.2. Визија-Изјава на градоначалникот за предвидени активности--------42
3.3. Коментар на резултатите добиени од Првичната Анкета--------------43
спроведна помеѓу граѓаните од Берово
3.4. Приоритетни активности за развој на Еко-туризам во------------------46
Берово со временска рамка

4. SWOT Анализа-------------------------------------------------------------------------47
4.1. Анализа на Јаки страни--------------------------------------------------------------47
4.2. Анализа на Слаби страни----------------------------------------------------------47
4.3. Анализа на Можности-------------------------------------------------------------48
4.4. Анализа на Закани----------------------------------------------------------------49
5. Акционен план за Развој на Еко туризмот во Берово----------------------50
5.1. Вовед-------------------------------------------------------------------------------50
5.2. Идентификување на потребите-----------------------------------------------51
5.3. Листа на приоритети-------------------------------------------------------------53
5.4. План на активности---------------------------------------------------------------54
6. Кратенки------------------------------------------------------------------------------63
7. Анекс ----------------------------------------------------------------------------------64
7.1. Предлог за прифаќање на стратегијата за Еко туризам ----------------65
7.2 Заклучок за прифаќање на стратегијата од ---------------------------------66
страна на Советот на општина Берово

## ПРЕДГОВОР

Економските параметри, социјалниот фактор надополнети со заштитата на животната средина и рационалното искористување на природните ресурси се категории кои се интегрирани во еден модерен концепт кој е составен дел на сите развиени општества, а е наречен ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ .

Еко Туризмот е форма на туризам која ги комбинира заштитата на животната средина, промоцијата на туризам и активностите на локалните заедници, а се со цел ефикасно стимулирање на локалната економија, но и одржливо искористување на ресурсите, наспроти конвенционалниот туризам, кој овозможува само економски придобивки на поединци или групи, без при тоа да се води сметка за животната средина.

Општина Берово има оптимални услови за имлементација на еко туризамот. Тоа се: незагадени природни еко системи; биодиверзитет (ендемични видови, лековити билки, печурки, шумски плодови); атрактивни релјефни форми; поволни климатски услови; здрава храна (познато беровско сирење, беровски компир, планински мед итн.); историски и културни знаменитости (манастири и цркви); инфраструктура (сместувачки објекти, сообраќајни врски); гранична местоположба и индустриски капацитети кои не претставуваат закана за животната средина.

Цел на проектот е изготвување на Стратегија за Еко туризам. Оваа стратегија има за задача да ги постави основите за развој на Еко туризмот во Берово, заштита на животната средина и економски развој на општината. Развојот на Еко туризмот треба да делува одржливо и да ја подигне економската состојба кај народот.

Здружението на Инженери за Животна Средина со голем предизвик и задоволство го реализира овој проект за Еко туризам во Берово во соработка со граѓаните на Берово бидејќи смета дека Берово има добри капацитети и добар интерест меѓу населението за развој на Еко туризмот. Интересот меѓу населението за развивање на Еко туризмот го гледа преку обезбедување на економска одржливост, а при тоа максимално зачувување на природните убавини.

# ВОВЕД

## Што е Еко – туризам ?

### Сегашни и идни трендови во развојот на туризмот

Туризмот е една од најголемите и најбрзо растечките стопански гранки во светот. Почнувајки на почетокот на дваесетиот век како активност во која можат да уживаат само мала група на имотни луѓе, туризмот постепено прераснува во масовна појава. Според најновите податоци на Светската организација за туризам, заработувачката од меѓународниот туризам го достигнува својот максимум во 2000 година и изнесува 476 милијарди УС$. Оваа заработувачка е поголема од онаа што се заработува со извоз на нафтени производи, моторни возила, телекомуникациска опрема или било која друга дејност во светски рамки.

### Економски придобивки од туризмот

Туризмот завзема значајно место во глобалната економија. Во некои земји пак претставува и единствен извор на приходи. Покрај директната економска корист од туризмот, некои влади во светот инвестираат во изградба на комунална, патна и телекомуникациска инфраструктура во местата со туристички потенцијал. Со ова се подобруваат не само условите за престој на туристите туку и условите за живеење на локалното население.

Со развој на туризам се отвараат и нови работни места, а со тоа и можности за вработување на локалното население. Ова особено е важно за земјите во развој како што е и нашата.

### Интеракција помеѓу туризмот и животната средина

Од една страна туризмот овозможува значајна економска корист за многу земји, региони и заедници, но од друга страна има и големо влијание врз животната средина и социо-културните процеси. Масовниот туризам може да претставува голем проблем за земјите во развој каде нема добро издефинирани закони за заштита на природните ресурси и екосистеми од притисоците на туристите.

Две главни области на негативно влијание на туризмот врз животната средина се:

- притисок врз природните ресурси
- деградација на природните екосистеми

Нерационалното користење на природните ресурси како што се водата, почвата, фосилните горива доведува до нивно исцрпување. Со интензивниот развој на туризмот има опасности и од нарушување и уништување на прирдните пејсажи преку обесшумување, ерозија на

почвата и сл. Големата побарувачка за свежа вода за земјоделството, индустријата и домаќинствата ја прави водата еден од најограничените ресурси.
Покрај зголеменото искористување на природните ресурси туризмот предизвикува и значителни количини отпад и загадување на животната средина. Продуцираниот отпад може да ја загади почвата, подземните и површинските води, а со тоа и растенијата и животните кои човекот ги користи во својата исхрана. Зголемената потрошувачка на енергија во хотелите за готвење, греење и други потреби на туристите како и потрошувачката на горива за транспорт значително би можеле да го зголемат загадувањето на воздухот.

Негативното влијание на активностите на туризмот врз животната средина може да наштети и на развојот на самиот туризам. Преголемата експлоатација и загадување на животната средина можат да доведат до замирање на туризмот во дадена област.

**Одржлив туризам или Еко-туризам**

Негативните влијанија на туризмот врз животната средина можат да се анулираат со промовирање на одржлив туризам или Еко-туризам. Концептот на одржлив туризам е развиен од Светската организација за туризам во рамките на процесите за одржлив развој, а неговата дефиниција е: управување со сите ресурси на таков начин да економските, социјалните и естетските потреби можат да бидат задоволени со одржување на културниот интегритет, неопходните економски процеси како и растителниот и анималниот биодиверзитет и животната средина.

Во последниве десет години почнувајќи со Конгресот во Рио де Жанеиро во 1992 година кога беше изработена ЛА 21 - интернационален акционен план за одржлив развој, има тенденција за промовирање на развој на одржлив туризам или Еко-туризам.

Основни карактеристики на Еко-туризмот се:

- Заштита на природната средина, но и на културните и традиционалните карактеристики на локалното население
- намалување на штетното влијание од туристите врз природата и социо-културната околина
- благосостојба на локалното население

**Стратегија за намалување на сиромаштијата во места во кои има услови за развој на Еко-туризам**

Стратегиите за развој на Еко-туризам или одржлив туризам можат да придонесат за постигнување на значителни социо-економски предности на локалното население, но не се првенствено насочени кон намалување на сиромаштијата. Во светот има тенденции во стратегиите за развој на

Еко-туризам да се посвети внимание за максимизирање на потенцијалот од туризмот а со цел намалување на сиромаштијата. Со други зборови заштитата на животната средина останува приоритет во стратегијата, но голем акцент се става и на можностите за економски подобрувања кај локалното население.

Има неколку причини поради кои развојот на Еко-туризам може да биде ефикасна алатка за намалување на сиромаштијата во местото каде се развива. Прво и основно како што беше и порано спомнато со развивање на туризам се создаваат можности за нови вработувања. Второ се остваруваат контакти со различни луѓе што можат да бидат потенцијални инвеститори. Трето, Еко-туризмот се базира на заштита на природата, растенијата, животните што често е желба на сиромашните луѓе кои иако немаат финансиски средства се грижат за здрава животна средина.

Три најважни компоненти за развивање на овој пристап, односно преку развојот на Еко-туризам се превземаат и мерки за намалување на сиромаштијата, а тие се:

- понапреден пристап кон економскита добра од туризмот - со зголемување на можностите за вработувања и започнување на бизнис, а тоа би се постигнало со соодветни обуки на населението за да може да си ги зголемува тие можности.
- превземање мерки за справување со влијанието на социјалните и еколошките фактори врз развојот на туризмот
- реформи во политиката - со вклучување на населението во процесите на планирање, развој и управување со процесите поврзани со активностите за развој на Еко-туризам.

Некои од овие концепти се имплементираат во многу земји во развој. Во овие земји со помош на невладиниот сектор на населението му се овозможуваат услови за грантови, заеми, градење на капацитетите како и преговори со одговорни владни институции и водечки туристички агенции.

Во многу заедници од овие земји се постигнати многу подобрувања на полето на намалување на сиромаштијата кај локалното население.

**Заклучок**

Како што беше нагласено на почетокот, туризмот се очекува да достигне огромен развој во блиска иднина. Овој развој може да биде корисен не само за уживање на туристите, туку многу поважно за максимизирање на економската корист, а со тоа и подобрување на стандардите на живеење на локалното население. Во исто време ако не се превземаат соодветни мерки се заканува негативно влијание врз животната средина и социокултурните фактори во една заедница. Стратегиите за развој на Еко-туризам се отидени многу подалеку од водењето грижа само за заштита на животната средина туку водат сметка и за економската корист од туризмот како и за намалување на сиромаштијата во подрачјата во кои се имплементира.

Листа на присутни на иницијативниот состанок за основање на

**Граѓански комитет за развој на Еко-туризам во Берово**

(24.12.2004 Сала во општина Берово)

| Број | Име и презиме | Организација | Сектор |
|---|---|---|---|
| 1 | Илијоски Митко | Општина Берово | Локална Самопуправа |
| 2 | Муртовска Билјана | ДСУ"Ацо Русковски" | Образование |
| 3 | Мишовски Владо | Хотел Манастир | Бизнис Сектор |
| 4 | Каракашов Јован | "Средна" | Јавно Претпријатие Пасишта |
| 5 | Ружински Горан | ЕД"Брица" | НВО |
| 6 | Јасминка Пашалиска-Андоноска | Локална агенција за Развој - Берово | НВО |
| 7 | Саздов Методија | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 8 | Постолова Љупка | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 9 | Каракашова Александра | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |

**Листа на учесници на работилницата за изготвување на SWOT анализа**
(04.04.2005 Хотел Манастир-Берово)

| Број | Име и презиме | Организација | Сектор |
|---|---|---|---|
| 1 | Илијоски Митко | Општина Берово | Локална самоуправа |
| 2 | Муртовска Билјана | ДСУ"Ацо Русковски" | Образование |
| 3 | Мишовски Владо | Хотел"Манастир" | Бизнис сектор |
| 4 | Каракашов Јован | ЈПП"Средна" | Јавно претпријатие |
| 5 | Ружински Горан | ЕД"Брица" | НВО |
| 6 | Јасминка Пашалиска-Андоноска | ЛАР-Берово | НВО |
| 7 | Коколанска Јасминка | ЈПКР"Услуга" | Јавно претпријатие |
| 8 | Решковска Марија | ГАМА-Берово | НВО |
| 9 | Татарски Методија | Резбар | Занаетчија |
| 10 | Пачемска Ана | Здружение"Серафим" | НВО |
| 11 | Ајтовска Јулија | Сопственик на туристички објект | Бизнис сектор |
| 12 | Крժовска Даниела | АПРЗ-Берово | НВО |
| 13 | Качулачка Елен | Општина Берово | Локална самоуправа |
| 14 | Каракашова Александра | Здружение на Инженери за Животна Средина | Медиуми |
| 15 | Саздов Методија | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 16 | Постолова Љупка | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 17 | Брашнарски Димитар | МТВ-локален дописник | Медиуми |
| 18 | Реџовски Горан | Радио Телевизија Берово | Медиуми |
| 19 | Андоновска Валентина | Радио Телевизија Берово | Медиуми |

**Листа на учесници на работилницата за изготвување на Акционен план**
(23-24.05.2005 Хотел Манастир-Берово)

| Број | Име и презиме | Организација | Сектор |
|---|---|---|---|
| 1 | Илијоски Митко | Општина Берово | Локална самоуправа |
| 2 | Мандалова Радица | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 3 | Мишовски Владо | Хотел"Манастир" | Бизнис сектор/ туризам |
| 4 | Каракашов Јован | ЈПП"Средна" | Јавно претпријатие |
| 5 | Ружински Горан | ЕД"Брица" | НВО |
| 6 | Дарко Шумански | ЛАР-Берово | НВО |
| 7 | Ѓорѓи Пеовски | ЛАР-Берово | НВО |
| 8 | Решковска Марија | ГАМА-Берово | НВО |
| 9 | Татарски Методија | Резбар | Занаетчија |
| 10 | Пачемска Ана | Здружение"Серафим" | НВО |
| 11 | Ајтовска Јулија | Сопственик на туристички објект | Туризам |
| 12 | Кржовска Даниела | АПРЗ-Берово | НВО |
| 13 | Качулачка Елен | Општина Берово | Општина Берово |
| 14 | Јулијана Брашнарска | Туристички Информативен Пункт | УНДП |
| 15 | Саздов Методија | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 16 | Постолова Љупка | Здружение на инженери за Животна Средина | НВО |
| 17 | Каракашова Александра | Здружение на Инженери за Животна Средина | НВО |
| 18 | Миличински Јован | “Народна техника”-Берово | Образование |
| 19 | Акарт Даглас | ЈПКР”Услуга”-Берово | Јавно претпријатие |
| | | | |
| 21 | Андоновска Валентина | Радио Телевизија Берово | Медиуми |
| 22 | Рецовски Горан | Радио Телевизија Берово | Медиуми |

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЕКО ТУРИЗАМ ВО БЕРОВО

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Берово се наоѓа во најисточниот дел од Република Македонија, ја зафаќа Малешевската Котлина и сливот на Цироонска Река. Границите се протегаат помеѓу 41°06′ и 41°53′ географска ширина. Најјужен дел е на границата со Бугарија кај реката Лебница на 41°06′, најсеверен дел е месноста Мехмедов бор на 41°53′, најисточна точка е на 23°12′ географска должина, близу Ченгино Кале, а најзападна точка е на 22°37′ и се наоѓа на Лева река, во близината на месноста Караѓузлија. Општината Берово на југ се граничи со општина Струмица, на запад со општините Радовиш и Виница, на север со Делчево и со Пехчево, на исток со државната граница на Бугарија.

Вкупната површина на општина Берово е 595 км$^2$, а се наоѓа на 800 м.н.в. Релјефот е претежно ридско-планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница.

Малешевските планини се централно поставени во општината, нивните котлински страни се доста дисецирани со изворишните речни долини од реката Брегалница. Природната целина Малеш каде е сместен и градот Берово, лежи на апсолутна кота 800-900 м.н.в., со разграноците на Влаина Планина, Обозна и Бејази Тепе е одвоен од Пијанец. Јужната рамка на општинската територија е планината Огражден. Со долините на Цироонска Река и Безгаштевска река, масивот на Огражден е одвоен од Малешевските Планини кои полукружно се протегаат од Плачковица до Влаина Планина, која е источна и североисточна рамка на Малешевската Котлина. Најистакнати врвови се Џеми Тепе 1801 м.н.в и Ченгино Кале на 1748 м.н.в. Највисок врв е Кадиица на 1932 м.н.в. Општината има периферна положба во однос на главни комуникациски коридори по долините на Вардар, Брегалница и Струмица. Најважна комуникација од регионално значење е онаа што ги поврзува Малешевско-Пијанечкиот басен со Струмичката котлина преку кој општината комуницира со внатрешноста на Републиката.

### 1.2. КЛИМА

Малешевијата претставува подрачје, чија најниска висинска кота изнесува 800 м, а највисоката изнесува 1900 м.н.в. Општина Берово, која се наоѓа во источниот дел на Републиката има планински карактер на просторот, која дефинира умерено-континентална клима со модификација на климата во високите планински и рамничарски делови.

Локалитетот на Берово има значително пониска средна годишна температура на воздухот од подрачјата на иста надморска височина во поширокиот дел на оваа котлина. На надморска височина од 800 м, средната годишна температура изнесува 11,1°C, а во Берово 8,7°C. Најстуден месец е јануари со просечна температура од -10°C, а најтопол месец е јули со просечна температура +18,2°C. Просечната годишна минимална температура е 2,8°C. Апсолутната минимална температура е -31,5°C, измерена на 27 јануари, 1954 година. Просечната годишна максимална температура е 15,3°C.

Врнежите исто така претставуваат важен климатски елемент, кои имаат посебни карактеристики. Најмногу врнежи има во месец Мај и Јуни, како и Ноември, а најсушни се месеците Август и Септември. Просечната годишна сума на врнежи изнесува 672 мм/м$^3$. Главниот максимум е во мај, просечно околу 76,8 мм/м$^3$ а секундарниот во Ноември 64,3 мм/м$^3$. Главниот минимум е во Август, просечно со 37,6 мм/м$^3$, а секундарниот во Февруари. Бројот на врнежливи денови годишно изнесува 118. Во просечната годишна сума на врнежи снегот зазема околу 15 % и се јавува од Октомври до Мај. Просечно годишно има 42,2 дена под снежна покривка. Максималната височина на снежната покривка изнесува 61 см, на 03.02.1962 год., а најдолг непрекинат период под снежна покривка е 70 дена од 21.12.1953 до 28.02.1953 год.

Релативната влажност на воздухот се намалува од Јануари до Август, а потоа од Декември се зголемува, а просечната влажност на воздухот е 76%. Беровската котлина спаѓа во порачјата со зголемена облачност. Просечна годишна облачност е 5,3 десетини, со максимум во Јануари 6,5 десетини и минимум во Август 3,1 десетини. Просечната годишна сума на траење на сончевото зрачење изнесува 2347 или 6,4 часа дневно, со максимум во Јули 10,2 часа дневно и минимум во Декември од 3 часа дневно. Во Беровската котлина маглата е ретка појава, годишно има само 8,4 магливи денови. Појавата на град е со мала зачестеност, просечно се јавуваат 2,9 дена со град. Росата е честа појава во оваа котлина од март до Декември. Сланата е со помала зачестеност и се јавува 70 дена во годината од Септември до Мај. Во Беровската котлина се јавуваат ветрови од сите 8 светски правци, но преовладува северниот со зачестеност од 147% и брзина од 2,4 м/сек, најмногу е застапен во јануари, февруари и март; и северо-западниот ветар кој се јавува во сите месеци со зачестеност од 103% и брзина од 20 м/сек; а јужниот ветер е со зачестеност од 56%, и со брзина од 2,7 м/сек.

## 1.3. ХИДРОГРАФИЈА

Најважен хидрографски објект во Малешевијата е реката Брегалница која воедно е една од најголемите притоки на реката Вардар. Изворот на реката Брегалница е во Малешевските Планини, источно од местото Ченгино Кале на надморска височина од 1690 м. На оваа територија има два речни слива и тоа на реката Брегалница и на реката Струма. Во своето течение реката Брегалница најголем дел минува низ

клисура. Најголема нејзина притока е Ратевска Река со должина од 24 км. Други поголеми притоки на реката Брегалница се: Пехчевска Река, Ратевска Река, Умленска Река, Каменичка Река и Џаволи, кои гравитираат кон малешевско-пијанечката котлина. Од струмичкиот слив, поголеми реки се Цирonската река и Безгаштевска Река кои гравитираат кон струмичкото поле.

Нивото на подземните води покрај речното корито изнесува 3-5,0 м, а во алувијалната рамнина 8-14 м. Други истражувања за подземните води не се правени.

На територијата на општината има повеќе од 120 извори со вкупна издашност од 140 лит/сек. Поиздашни извори се регистрирани на терени со надморска висина поголема од 1000 м.

Беровското езеро е многу важен хидрографско-туристички објект кој е изграден во 1970 година на Ратевска река, во областа наречена Линакот. Езерото се наоѓа на 7 км оддалеченост од градот Берово и има бетонска брана висока 53м. Должината на езерото е 2,5 км., а средната широчина 0.5 км. Се наоѓа на 986 м.н.в., а површината на езерото изнесува 0.57 км$^2$.

Првичната намена на Беровското езеро е да се обезбеди населението од Берово и околината со вода за пиење, а се почесто езерото се користи и за рекреативни и спортски активности.

## 1.4. ПАТНА МРЕЖА, СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ

Градот Берово се наоѓа во источниот дел на Република Македонија и е поврзан со сообраќајниот систем на државата само со системите на патна мрежа и меѓуградскиот сообраќај на патници.

Општината Берово е поврзана со два регионални патни правци према внатрешноста на Република Македонија, со:

-Р-527-Кочани-Виница-Берово-Клепало (граничен премин)

-Р-523-Делчево-Пехчево-Берово-Струмица

-Р-524-Берово-Клепало (граница Р. Бугарија), кој не е активен поради неоформеност на структурата од страна на Република Бугарија, но сега има одобрено средства од Европска Унија и од октомври 2005 год., ќе се почне со изградбата.

-Р-603-Берово-Подареш-Радовиш е во форма на проектирање.

Сите селски населби од општината се поврзани со градот Берово со асфалтирани локални патишта. Локалните патишта се со вкупна должина од 26,4 км и 109,94 ха од кои 14% се неасфалтирни земјени патишта. Од градските улици 27,94 км се асфалтирани и зафаќаат површина од 175,8 м$^2$. Основната улична мрежа на градот Берово ја сочинуваат ул "Маршал Тито", која се протега во источниот дел на градот и минува по целата негова должина и е дел од регионалниот патен правец Р-524 Берово-Клепало; ул "Новопроектирана" е обиколната сообраќајница поставена северозападно од градот и е дел од регионалниот патен правец Р-523 Делчево, Пехчево, Берово, Струмица; ул "Борис Кидрич"; ул "Гоце Делчев"; ул "Партизанска"; ул "23$^{ти}$ Август" и ул "Илинденска".

Локалниот транспорт помеѓу Берово и околните населени места се одвива со јавен автобуски превоз, такси превоз и велосипеди или мотори. Во центарот на градот се наоѓа меѓуградската автобуска станица. Преку меѓуградскиот автобуски превоз Берово се поврзува со другите градови во државата и надвор од неа. Со отворање на граничниот премин према Република Бугарија се очекува да се зголеми фрекфенцијата на автобуси и патници.

## 1.5. ФЛОРА И ФАУНА

Од шумите најзастапени се боровата шума (f. Pinacae), дабовата шума (f. Quercacae) и буковата шума (f. Fagacae). Како резултат на долгогодишното интензивно искористување на дабовите шуми, тие се сега во фаза на формирање на млади садници со различна густина. Буковиот појас е застапен во планинскиот и подпланинскиот појас. Вториот појас најчесто е испрекинат и неконтинуиран. Подобро се зачувани горските букови шуми, тие се од големо значење за шумското стопанисување. Во појасот на буковите шуми се јавуваат ацидофилни борови шуми. Над нив има комплекси од бел бор (sp.Pinus Sylvestra), реликтни шуми, со добар квалитет во сливот на Ратевска Река. Ливадите се малку застапени и тоа во близина на реката Брегалница. Поради потиснување на шумите, брдските пасишта се протегаат на големи пространства, спротивно од планинските пасишта се застапени во мал обем.

Како составен дел на биоценозата во подрачјето на општината се среќаваат најразлични форми од групата на водоземците, цицачите, влечуги, птици и скакулци. Групата на птици и цицачи од оделни биотопи ја сочинуваат бројни асоцијации, со бројни единки кои се среќаваат од најниски до највисоки надморски височини.

Од влакнест дивеч се среќаваат: зајак, срна, волк, дива свиња, лисица, дива мачка, куна, јазовец, видра, ласица.

Од перјаст дивеч се среќаваат: камењарка и полска еребица, фазан, гулаб, грлица, подполошка, диви пајки, јастреби, шљуки, лиски, лештерки, страчки, гаврани, чавки, орли и др.

Од редот на птици загрозена е еребицата камењарка, а од ситен и крупен дивеч загрозени се еленот и срната- од крупен дивеч, а зајакот од ситниот дивеч.

## 1.6. СТОПАНСТВО

### 1.6.1. Мало стопанство

Во општина Берово со самостојно вршење на занаетчиска дејност се бават околу 50 лица, додека околу 250 лица имаат регистрирано приватни фирми за вршење на разни дејности.
Постојаниот стопански потенцијал го сочинуваат следните капацитети:
-АД "Алкалоид"-одкупна станица

-АД "Исхрана"-трговско претпријатие
-АД "Пелагонија" Скопје-Градилиште Берово
-АД "Малештекс"-текстилна фабрика
-АД "Огражден"-Берово
-ДООЕЛ "Настел трикотажа" текстилна фабрика
-Драган ДООЕЛ експорт-импорт "Елан"-прехрамбена индустрија
-ДООЕЛ "Бетекс"-Берово текстилна фабрика
-ДОО "Малеш текс"-Берово-текстилна индустрија
-ЈП Македонски Шуми "Малешево" Берово
-АД "Жито Малеш" Свињарска фарма-Берово
-Млекарница "Малеш"-с. Смојмирово-млечна индустрија
-Трговско друштво за вработување на инвалиди-"Велтекс"-Производство, трговија,увоз-извоз-Берово-текстилна индустрија
-ДООЕЛ "Мануил"-Берово-трговија на големо и мало
-ДООЕЛ "Сани-М"-Берово-увоз-извоз
-ДООЕЛ ДГР 7-мо градилиште АДГ Пелагонија Берово
-ДООЕЛ ДГТП "Пелагонија-Малеш" Берово
-АД "Брик"-Берово-рудник за површински коп на јаглен

Во областа на терцијалниот сектор трговската дејност се обавува преку 78 продавници со продажен простор од 1020м$^2$, во кои се вработени 126 лица. Угостителството е застапено со 15 објекти и вкупна површина од 480 м$^2$ и 34 вработени, а занаетчиската дејност се обавува во 18 објекти со површина од 480 м$^2$ и со 22 вработени.

Во земјоделството е најзастапено производството на компир, житарици и тутун, а во овоштарството одгледување и производство на сливи и вишни.

Најголем процент од земјоделско-овоштарското производство се врши во приватниот сектор, а основен проблем е откупот и пласманот на овие производи посебно на компирот.

На Клепалска река има рибник со кој стопанисува ЈП Македонски шуми "Малешево", со капацитет од 5000 кг риба, на површина од 1080 м$^2$.

Со земјоделско стопанство во Берово се занимава и претпријатието ЗИК "Малеш-Експорт" во чиј состав има кланица и погон за производство на ракија, но моментално е под стечај.

Моментално на подрачјето на општина Берово и тоа во приватниот сектор има околу 50 000 овци, 10 000 говеда, а се извезуваат околу 35 000 јагниња на пазарите на поранешна Југославија, Европската унија и земјите на Блискиот Исток.

Откуп и извоз на јагниња, откуп на добиток за колење и откуп на други сточни производи врши претпријатието "Исхрана" од Берово, во чиј состав се кланицата и современа пекара за производство на леб и бели печива.

Со одгој на свињи се занимава свињарската фирма во село Смојмирово, со капацитет од 18 000 свињи. Оваа свињарска фирма сега е во сопственост на фармата "Жито-Вардар" од Велес. Покрај оваа во општината се евединтирани сточарски фарми и во село Будинарци која одгледува свињи, крави, кози и овци.

Рударството е претставено со Рудникот "Брик" кој врши површински коп на јаглен-лигнит од околу 100 000 тони годишно, но сега е релативно намалено, а во рамки на рудникот е изграден и погон за производство на брикет за искористување на ситната функција на лигнитот.
Вкупната вредност на извозот во индустриското производство на општина Берово е околу 3 500 000 евра, годишно.

### 1.6.2. Дрвно преработувачка индустрија

*ЈП Македонски Шуми-"Малешево"-Берово,* основано во 1947 год., вработени се 132 лица, а негова дејност е: стопанисување со шуми, шумски расадник, семенарство, сушара, погон за хидродестилација, пилана, рибник, сточарство и туризам.
*АД "Огражден"-Берово,* основано 1947 год. вработени се 248 лица, а негова дејност е: производство на мебел, букова режана граѓа и брикет.

### 1.6.3. Градежна индустрија

*ДГР 7-мо градилиште АДГ Пелагонија-ДООЕЛ Берово,* основано во 1998 год., вработени се 190 лица, а негова дејност е: градежништво и високо градба.
*ДГТП "Пелагонија-Малеш"- ДООЕЛ Берово,* основано во 2004 год., вработено е 1 лице, а негова дејност е: градежништво и високо градба.

### 1.6.4. Прехрамбена индустрија

*ДООЕЛ "Мануил"-Берово,* основано во 1990 год., вработени се 25 лица, а негова дејност е: трговија на големо и мало, производство на печурки.
*Млекарница "Малеш"-Смојмирово,* основана во 1997 год., вработени се 5 лица, а нејзина дејност е: преработка на млеко и млечни производи: сирење (кравјо и овчо), биено сирење и јогурт.
*"Жито Малеш"-АД Свињарска фирма-Берово,* основана во 1998 год., вработени се 28 лица, а нејзина дејност е: одгледување на свињи и репродуктивен центар.

### 1.6.5. Текстилна индустрија

*АД "Алкалоид"-Берово,* основано во 1961 год., вработени се 230 лица, а негова дејност е: производство на текстилни и памучни ткаенини, сите видови позамантериски материјали (гази, завои, еластични завои и фластери) и конфекциски производи, пред се болнички мантили, постелнини и др. Трговска мрежа на прехрамбени производи и супермаркет.
*Бетекст-ДООЕЛ Берово,* основано во 1992 год., вработени се 50 лица, а негова дејност е: производство на предмети за облека и извоз.

*"Сани-М" ДООЕЛ,* основано во 2002 год., вработени се 35 лица, а негова дејност е: производство на предмети за облека (од волна) и извоз во ЕУ.
*"Велтекс Производство, трговија, увоз-извоз"-Берово*, Трговско друштво за вработување на инвалиди, основано во 2002 год., вработени се 24 лица, а негова дејност е: лон производство, производство на горна облека и увоз- извоз.

### 1.6.6. Други видови на индустрија

*АД "Брик"-Берово,* основано во 1983 год., вработени се 19 лица, а негова дејност е: површинско вадење на камен јаглен и лигнит.
*ДОО "Малеш-текс"-Берово,* основано во 1970 год., вработени се 17 лица, а негова дејност е: текстил и текстилни производи, картонска амбалажа, дрвени палети.

## 1.7. ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ.

На територијата на општина Берово има две туристички населби, за кои уште не постои детален урбанистички план, но локалната самоуправа веќе работи на тоа и во најскоро време ќе биде изработен овој план. Едната туристичка населба е "Абланица", која се наоѓа на два километри од градот Берово, и овде има околу 30 викендици, од кои дел се наменети за изнајмување на туристи. Во Туристичкиот информативен пункт има регистрирано, 6 викендици со вкупен капацитет од 50 легла. Другата туристичка населба е распространета околу Беровското Езеро на надморска височина од околу 1000м и се наоѓа на 6 км од градот, по регионалниот пат кој води до граничниот премин Клепало. Овде се наоѓа рекреативниот центар "Малешево" кој има капацитет од 60 легла во бунгалови и 200 легла во детското одмаралиште. Исто така има и околу 30 викендици, а во Туристичкиот информативен пункт има регистрирано 8 викендици кои се наменети за издавање на туристите, со капацитет од околу 92 легла. Во градот Берово има 4 приватни куќи кои нудат сместување на гостите со капацитет од околу 32 легла, а во блиската околина на Берово, во месноста Трската има 2 приватни куќи со капацитет од 26 легла, а во месноста Орман која исто така се наоѓа во непосредна близина на Берово, има една вила со капацитет од 6 легла. Во Берово се наоѓа хотелот "Манастир" , кој е во склоп на манастирскиот комплекс Св.Арахангел Михаил, кој располага со околу 30 легла, а сите соби се луксузни апартмани. На една од највисоките точки во Берово е сместен Ловниот дом, со кој управува ЈП Македонски шуми-"Малешево" и располага со 12 легла, распоредени во двокреветни апартмани, а во склоп на овој објект има и ресторан и земјено тениско игралиште.

Од податоците со кои располага Туристичкиот информативен пункт, за посета на туристи и ноќевања во туристичките капацитети, би можеле да се спомнат следните податоци:

- Во приватните капацитети, околу 20 викендици во туристичките населби Абланица и Беровско Езеро, за изминатата 2004 година и неколку месеци од 2005 година се регистрирани околу 900 гости, а се остварени околу 5000 ноќевања.
- Во хотел "Манастир", од отпочнувањето со работа од 09. 06. 2004 имало 378 гости, од кои 126 се странски туристи, а 252 домашни туристи, а остварени се 510 ноќевања.
- Во ресторанот "Ловен Дом" во 2003 година имало 479 домашни и 42 странски со вкупно 793 ноќевања, во 2004 година имало 303 домашни и 68 странски гости со остварени 628 ноќевања, и 2005 заклучно со месец мај 97 домашни и 11 странски гости со остварени 208 ноќевања.
- Во Рекреативниот центар "Малешево" во 2004 година имало 954 гости со 2099 ноќевања и во 2005 заклучно со месец април 197 гости со 420 ноќевања.
- Во детското одмаралиште во 2004 година имало околу 2000 деца со 5000 ноќевања а во 2005 заклучно со април 1227 деца со 2391 ноќевања.

## 1.8. ТУРИСТИЧКИ ИНФОРМАТИВЕН ПУНКТ

Општина Берово е партнер во проектот на UNDP , Локално Управување за Одржлив Човечки и Економски Развој, во чии рамки функционира Туристичкиот Информативен-Пункт. Овој објект функционира од јули, 2004 година и досега има направено одлична база на податоци во сферата на туризмот, податоци за сместувачки капацитети, производители на локални производи како што се: сирење, мед, сокови, компир и др., потоа податоци за резбари и изработувачи на плетени ракотворби. Испечатен е Информатор во кој се содржани информации за најважните институции и објекти кои би му биле од корист на секој турист, што ќе дојде во Берово. Исто така, има испечатено и каталог со сите туристички капацитети, како хотели и ресторани така и приватни капацитети од Берово и туристичките населби: Абланица и Беровско Езеро. Исто така се изработени и мапи за ловиштата во Беровскиот регион. Во овој објект може да се најдат и рекламни материјали како што се брошури и флаери, од општина Берово и други институции.

Идните планови на општината и на Туристичкиот информативен пункт, ќе бидат во функција на развој на туризмот и тоа: преку промоција на регионот; рестарвација на стари објекти и колиби; организирање на посети по селата, за селектирање на куќи кои може да бидат во функција на развој на руралниот туризам; реставрација и доградба на манастирот "Св. Арахангел Михаил" и развој на манастирски туризам; афирмација и промоција на културно-историското наследство и богатата традиција. Заради подобра промоција на нашата храна, сувенири и резби, плетени ракотворби, како и промоција на туристичките капацитети, UNDP и општина Берово, минатата година го организираа првиот саем на локални

производи, а оваа година беше организиран саем на традиционални ракотворби и занаетчиски производи.

## 1.9. НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

Според законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачја на единици на локалната самоуправа, Сл.весник на Р.Македонија бр. 49/96 член 8, се утврдени општините со нивните населени места. Општина Берово има 8 населени места: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Русиново, Смојмирово и Ратево.

Берово зафаќа површина од 595км$^2$. Според пописот од 2002 година вкупното население во општина Берово, изнесува 13 942 жители, вкупно 4706 домаќинства и 6735 станови. Додека од пописот на населението од 1994 година, во општина Берово живееле 14 179 жители од кои 6752 се жители на градот Берово, а останатите живеат во 8 селски населби од кои најголемо е селото Русиново, со 2100 жители.

Број на население според пописите од 1921-1994 година

| **Населено место** | **Година на попис** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1921** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1991** | **1994** |
| **Малешевија** | 13939 | 19017 | 20438 | 20048 | 19949 | 20227 | 20395 | 19829 |
| **Берово-општина** | 10045 | 13062 | 14153 | 14048 | 14194 | 14368 | 14543 | 14179 |
| **Берово** | 2507 | 3619 | 4176 | 4288 | 5092 | 6070 | 6869 | 6752 |
| **Будинарци** | 538 | 839 | 861 | 881 | 857 | 783 | 723 | 714 |
| **Владимирово** | 1300 | 1965 | 1896 | 1790 | 1473 | 1290 | 1110 | 1043 |
| **Двориште** | 487 | 1162 | 1339 | 1318 | 1182 | 955 | 854 | 825 |
| **Мачево** | 178 | 329 | 322 | 297 | 276 | 260 | 208 | 216 |
| **Митрашинци** | 886 | 1118 | 1245 | 1149 | 1054 | 965 | 863 | 794 |
| **Ратево** | 893 | 1259 | 1267 | 1229 | 1145 | 1060 | 941 | 910 |
| **Русиново** | 1307 | 2044 | 2251 | 2242 | 2288 | 2173 | 2149 | 2100 |
| **Смојмирово** | 533 | 727 | 796 | 854 | 827 | 812 | 826 | 825 |
| **Пехчево-општина** | 3894 | 5955 | 6285 | 6000 | 5773 | 5859 | 5852 | 5650 |

Вкупно население според национална припадност, попис 1994 и 2002, во општина Берово

| Год. | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1994 | 14179 | 13679 | - | 97 | 332 | 2 | 36 | - | 33 |
| 2002 | 13941 | 13335 | - | 91 | 459 | 6 | 20 | 3 | 27 |

Може да се види дека од вкупниот број на население според национална структура 96,5% или 13679 жители се Македонци, а останатите се националности: Роми, Турци, Срби и Власи.

Вкупен број на домаќинства, според пописот 1994 год. во општина Берово

| **Место** | **1994** |
|---|---|
| Берово | 2156 |
| Будинарци | 252 |

| | |
|---|---|
| Двориште | 243 |
| Владимирово | 386 |
| Мачево | 75 |
| Митрашинци | 269 |
| Ратево | 322 |
| Русиново | 673 |
| Смојмирово | 271 |

Селата во општината се од збиен тип, со оддалеченост од 3 до 15 км. од општинскиот центар, со исклучок на село Двориште кое се наоѓа во близина на македонско-бугарската граница и е оддалечено 21 км. од Берово.

Карактеристика за населението на општина Берово е минимална миграција село-град. Работноспособниот контингент ги опфаќа жените од 15-59 и мажите од 15-64 години. Големината на работноспособниот контингент е одредена со динамиката на наталитетот, морталитетот и природниот прираст. Значи активното население покрај демографските фактори е условено и од вкупната економска состојба на населбата и пошироко. Во градот Берово работноспособното население учествува со 65,5%, а активно 50,08%. Активно население во општината е 9.289 жители од кое околу 4930 лица се вработени во индустријата, земјоделството, услужните дејности, приватниот сектор и јавниот сектор, а како невработени се пријавени 2660 лица.

## 1.10. ЗАНИМАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Број на лица според дејноста во која го вршат занимањето
(над 15 години, попис 2002)

| **Вид на занимање** | **вкупно(над 15 години)** |
|---|---|
| | 3891 |
| земјоделство, лов и шумарство | 856 |
| риболов | - |
| вадење на руда и камен | 42 |
| преработувачка индустрија | 1137 |
| снабдување со електрична енергија, гас и вода | 134 |
| градежништво | 232 |
| трговија на големо и мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и домаќинствата | 259 |
| хотели и ресторани | 72 |
| сообраќај, складирање и врски | 174 |
| финансиско посредување | 41 |
| активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 35 |
| јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 438 |

| | |
|---|---|
| образование | 208 |
| здравство и социјална работа | 179 |
| други комунални, културни, општи и лични услужни активности | 79 |
| приватни домаќинства со вработени лица | 1 |
| екстериторијални организации и тела | - |
| некласифицирани по дејност(непозната дејност) | 4 |

### 1.10.1. НАСЕЛЕНИЕ И СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Невработени жени во МалеШевијата заклучно со 07.2005 год.

| **место** | **НКВ** | **ПК/НСО** | **КВ/ВКВ** | **ССО** | **ВССО** | **ВСО** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 482 | 44 | 229 | 354 | 28 | 80 | 1217 |
| Пехчево | 302 | 10 | 76 | 137 | 14 | 28 | 567 |
| Вкупно | 784 | 54 | 305 | 491 | 42 | 108 | 1784 |

Невработени лица во МалеШевијата, заклучно со 07.2005 год.

| **место** | **бр. На невработени** |
|---|---|
| Берово | 2918 |
| Пехчево | 1207 |
| Вкупно | 4125 |

Невработени лица во МалеШевијата, по квалификации заклучно со 07.2005 год.

| **место** | **НКВ** | **ПК/НСО** | **КВ/ВКВ** | **ССО** | **ВССО** | **ВСО** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 1247 | 111 | 607 | 726 | 67 | 160 | 2918 |
| Пехчево | 626 | 26 | 199 | 278 | 23 | 55 | 1207 |
| Вкупно | 1873 | 137 | 806 | 1004 | 90 | 215 | 4125 |

- НКВ-Ниско квалификуван;
- ПК/НСО-Полу-квалификуван/Насочено средно образование;
- КВ/ВКВ-Квалификуван/Високо квалификуван;
- ССО-Средно стручно образование;
- ВССО-Високо стручно образование;
- ВСО-Високо образование

## 1.10.2. ПОДАТОЦИ ОД ПОПИС 2002

Вкупно население во Општина Берово на возраст од 15 и повеќе години според активноста и полот, попис 2002

| Населено место | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се | лица кои вршат занимање | лица кои не вршат занимање | |
| Берово | 11 400 | 5589 | 3891 | 1698 | 5811 |
| мажи | 5697 | 3319 | 2380 | 939 | 2378 |
| жени | 5703 | 2270 | 1511 | 759 | 3433 |
| Берово | 5705 | 2917 | 2095 | 822 | 2788 |
| мажи | 2781 | 1588 | 1136 | 452 | 1193 |
| жени | 2924 | 1329 | 959 | 370 | 1595 |
| Будинарци | 544 | 262 | 160 | 102 | 282 |
| мажи | 268 | 166 | 105 | 61 | 102 |
| жени | 276 | 96 | 55 | 41 | 180 |
| Владимирово | 743 | 205 | 118 | 87 | 538 |
| мажи | 364 | 122 | 71 | 51 | 242 |
| жени | 379 | 83 | 47 | 36 | 296 |
| Двориште | 616 | 337 | 301 | 36 | 297 |
| мажи | 336 | 256 | 242 | 14 | 80 |
| жени | 280 | 81 | 59 | 22 | 199 |
| Мачево | 167 | 62 | 40 | 22 | 105 |
| мажи | 81 | 40 | 31 | 9 | 41 |
| жени | 86 | 22 | 9 | 13 | 64 |
| Митрашинци | 590 | 210 | 123 | 87 | 380 |
| мажи | 301 | 151 | 100 | 51 | 150 |
| жени | 289 | 59 | 23 | 36 | 230 |
| Ратево | 685 | 302 | 208 | 94 | 383 |
| мажи | 343 | 208 | 153 | 55 | 135 |
| жени | 342 | 94 | 55 | 39 | 248 |
| Русиново | 1686 | 971 | 647 | 324 | 715 |
| мажи | 889 | 594 | 433 | 161 | 295 |
| жени | 797 | 377 | 214 | 163 | 420 |
| Смојмирово | 664 | 323 | 199 | 124 | 341 |
| мажи | 334 | 194 | 109 | 85 | 140 |
| жени | 330 | 129 | 90 | 39 | 201 |

## 1.11. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Управувањето со отпад во Берово го врши Јавното Комунално Претпријатие “Услуга”.

Дневните количини за собирање на смет изнесуваат 28 м$^3$ во компактна состојба. Со помош на возила, и тоа со МАН се дистрибуираат 12м$^3$, со ФАП-8м$^3$, со трактор 8м$^3$ во некомпостирана состојба.

Јавното Комунално Претпријатие "Услуга" во годината работи на терен околу 300 работни денови, годишните количини на собран смет се околу 8400м$^3$.

Опфатеноста на населението со собирање на смет е околу 50%, со тенденции за проширување на дејноста. Со прифаќање на нови населби ќе се зголемуваат и количините, за што ќе бидат потребни нови технички средства. Во моментот се собира отпадот од градското подрачје, а планирано е проширување на дејностите, а со тоа ке се опфати собирање на отпадот од туристичките населби: Абланица, Суви Лаки и Беровско Езеро.

Со новиот закон за комунален отпад е предвидено задолжително да се подига сметот во сите урбани и рурални населби. За таа цел, во стратегијата на МЖСПП е предвидено да се изготви физибилити студија за управување со комунален отпад на ниво на републиката.

Со проширувањето на дејностите на Комуналното претпријатие, отпадот од градот Берово и населбите кои гравитираат кон градот ќе се доставува до селото Карбинци каде ќе биде регионалната депонија.

## 1.12. КУЛТУРА И КУЛТУРНИ ЗНАМЕНИТОСТИ

Манастирот Св "Арахангел Михаил" е основан 1818 год. и во него монашкиот живот не згаснал ни во еден момент. Во склоп на манастирот се наоѓа истоимената црква, која егзистира од 1818 год., а манастирските конаци се изградени по триесет години т.е.1849. За овие 155 години во овој манастир живееле 110 монахињи (калуѓерки). Во моментот живеат 4 монахињи. Во првата половина на 19 век во конаците почнало да работи првото црковно училиште. Во 1859 год. познатиот преродбеник Јоаким Крчовски училиштето го предал на женската манастирска заедница, која била формирана 1850 год., а денес овде може да се најдат голем број на текстови и книги од 19 и 20 век. Стилот во кој е изградена оваа црква, ѕидана од камен е автентичен пример за македонската архитектура од 19 век. Во склоп на манастирскиот комплекс се наоѓа и историскиот музеј на град Берово, во кој има фотографии, документи, геофрафски карти и старо оружје од историското минато на Македонија и Малешевијата, како на пр. од периодот на Разловечкото (1876) и Кресненското востание (1878). Во историскиот музеј се сместени спомен соби на Атанас Раздолов и Никола Петров - Русински, и двајцата Малешевци, учесници во Илинденското востание. Во музејот има и поставка во која се зборува за развитокот на НОВ во Малешевијата и формирањето на 50 и 51 дивизија и

Струмичко-Брегалничкиот корпус. Беровскиот манастир Св. Арахангел Михаил и женската сестринска заедница одиграле голема улога во духовноста, просветеноста и ослободителните идеи на народот во Малешевијата.

Во минатото Малешевијата била револуционерен центар каде што бунтовниот и слободољубив Малешевец земал активно учество во борбите против поробувачите. Малешевијата станала центар на повеќе востанички движења за слобода, а најпознати востанија биле Разловечкото од 1876 год. и Македонско-Кресненското од 1878 год. Надалеку се познати ајдучките војводи и водачи на востанијата. Димитар Беровски, Дедо Иљо Марков-Малешевски. Низ Малешевијата воделе патиштата на Гоце Делчев, Јане Сандански, Даме Груев, Никола Петров Русински и др. Во времето на НОВ Малешевци зеле активно учество во борбите за ослободување и дале голем број на жртви. За овие востанија зборува токму Историскиот музеј кој се наоѓа во дворот на манастирот Св. Арахангел Михаил.

Покрај Манастирскиот комплекс "Св Арахангел Михаил", доста атрактивна локација е и црквата Св. Богородица (која се наоѓа на 200 м од излезот на градот), каде секоја година на 28 август се прославува големиот верски празник "Голема Богородица" и овде присуствуваат околу 15 000 верници и се подготвува заеднички ручек (курбан), во околу 100 казани. Не помалку е посетена и црквата Св. Илија, која се наоѓа во близина на претходно споменатата црква, и исто така и овде на верскиот празник Илинден, се подготвува курбан.

Во Малешевијата традиционално се изработуваат волнени килими, народни носии, подни простирки со народни мотиви и сл. Покрај влачарскиот, ткајачкиот и валевичарскиот занает, голема улога за зачувување и развој на традицијата има и резбарско-копаничарскиот занает.

Домот на културата "Димитар Беровски"-Берово е најзаслужен за скоро сите случувања од областа на културното живеење во општина Берово. Во склоп на домот на културата се сместени: историскиот музеј; матичната библиотека "Народна просвета"; кино; и други матични форми на дејствување како што се: Културно уметничко друштво; драмско студио; староградски оркестар "Распеани Беровчани"; етно оркестар (квартет зурли и тапани); ликовно студио; детски фолклорен клуб.

Во Берово после ослободувањето бил оформен и работнички универзитет, со кадри за описменување, за дооформување на образованието, со курсеви за стручно образование и сл.

Во 1947 година, бил набавен кино-апарат и било основано "Кино-Малеш". На почетокот тоа работело самостојно, а потоа се припоило кон Домот на Културата. Денес ова кино е во лоша состојба и неговите проекции се многу слабо посетени од локалното население.

Библиотеката со читалиштето е формирана во 1946 година. Таа денес располага со книжен фонд од околу 30 000 томови книги и повеќе дневни весници, периодични списанија и други публикации. Може да се каже дека таа е наследник на библиотеките во претходните режими, но

денес книгите, весниците и списанијата служат за образовно, стручно, културно и општествено-политичко надградување на граѓаните. Во 1956 година, Работничкиот универзитет, киното и библиотеката се припоиле во тогаш формираниот Дом на Културата " Димитар Беровски". Подоцна кон него се припоила и Локалната радиостаница, која од 1984 година, пак работи самостојно и прерасна во Локална радиотелевизиска станица. Во 1967-1968 година кон Домот на Културата се припоил и музејот на град Берово.

## 1.13. ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ

Позначајни објекти, споменици, спомен плочи и спомен одбележја во Малешевијата и во Берово, се:

- Стогодишната училишна зграда, во Берово, во која работело егзархиското училиште.
- Споменикот на 50. Дивизија во селото Митрашинци, подигнат на местото на нејзиното формирање, на 17.09.1944 год.
- Споменикот на водачот на Разловечкото и на Кресненското востание Димитар Поп Ѓеорѓиев - Беровски, дело на познатиот академски вајар Илија Аџиевски.
- Спомен-обележјето на стреланите граѓани од страна на Германците, на 03.10.1944 год., кај игралиштето на ФК "Малеш", во Берово.
- Спомен-плочата на зградата на полицијата во Берово, за нападот врз бугарскиот участок од борците на IV Македонска бригада, на ден 23.08.1944 год., кога е и ослободено Берово.
- Спомен-плочата на зградата од бившата Граѓанска школа во Берово, каде што на 14.11.1944 год., е формиран Околискиот Комитет на КПЈ.
- Спомен-плочата пред детската градинка, во Берово, на загинатите борци во НОВ од Малешево.
- Спомен-плочата во месноста Широки Дол-с.Владимирово, за формирањето на 51. Дивизија во 1944 год.
- Спомен-плочата на Обозна, за битката помеѓу партизаните и една единица на бугарската војска, во време на Мајската офанзива 1944 год.
- Спомен-обележјето во Суви Лаќи, каде е формирано партиското поверенство за Малешево на 10.05.1942 год.
- Спомен бистата на Јане Сандански, во с. Смојмирово, или поточно на раскрсницата меѓу Берово, Пехчево и Виница.
- Спомен бистата на Дедо Иљо Малешевски пред оновното училиште во Берово, кое го носи неговото име.
- Спомен бистата на Димитар Поп Ѓеорѓиев - Беровски пред манастирот во Берово.
- Спомен бистата на Атанас Раздолов, во строгиот центар на Берово.

- Спомен бистата на Никола Петров - Русински, Леонид Пецовски, Панте Радински и Димитар Поп Младенов, покрај реката Брегалница, во Берово.
- Спомен бистата на Ацо Русковски, пред гимназијата во Берово, чие име го носи.
- Спомен бистата на Пола Бошначка, во с. Владимирово, партизанка од ова село.
- Спомен бистата на Јован Козовски, партизан од с. Будинарци
- Спомен-обележјето на група паднати борци од селото Црник, Пехчевско.

## 1.14. ОБРАЗОВАНИЕ

Во Берово има едно основно училиште кое се вика "Дедо Иљо Малешевски", едно средно училиште "Ацо Русковски" и детска градинка "23 ти Август".

Основното училиште функционира од 1953 година, и денес ги опфаќа 7 подрачни училишта и тоа: основните училишта во селата Будинарци и Митрашинци и Двориште со сите осум одделенија и основните училишта во селото Смојмирово, Владимирово, Ратево и Мачево со четиригодишните одделенија. Во училиштето има вкупно 34 паралелки, а наставата ја остваруваат 41 наставник. ОУ "Дедо Иљо Малешевски", е познато во нашата земја по значајните постигања во сите домени на образовно-воспитниот процес. Носител е на наградата "Климент Охридски", која ја има добиено во 1978 година, како и многубројни други награди, одликувања, пехари, пофалници и др. Оваа година, во Мај беше приготвена јубилејна свеченост за 200 години од раѓањето на Дедо Иљо Малешевски. Денес ова училиште се наоѓа во многу лоша состојба, но пред некое време беа одобрени средства од Министерството за Образование на Р.Македонија и се очекува да почне неговата изградба.

Со почеток од 1975 година, во Берово работи комбинирана детска установа, која го носи името на денот на ослободувањето на Берово "23 ти Август'. Таа има капацитет за 250 деца. Зградата е во строгиот центар на Берово и е мошне функционална и модерна. Денес, составен дел на детската установа во Берово се и забавиштата што работат во оние училишта во општината што се во состав на основното училиште во Берово. Исклучок е само забавиштето во училиштето "Никола Петров Русински", во селото Русиново.

Средното училиште "Ацо Русковски" има околу 20 паралелки, од кои 3 паралелки од текстилна насока-конфекционери, а другите паралелки се природно-математичка насока и општа или јазична насока. Наставата ја реализираат 33 професори. Од училиштето досега излегле над 40 генерации матуранти. Најголем број од нив продолжуваат по вишите и високите школи. Само во учебната 1993-1994 год., на универзитетите студираа 252 студенти од Малешевијата. Денес од ова подрачје

потекнуваат многу доктори на науки, професори на универзитети, врвни драмски актери, писатели, музичари, ликовни уметници, врвни стопанственици, раководители во државаната администрација итн.

## 1.15. ЗДРАВСТВО

Веднаш по ослободувањето, приоритетна задача на Повереанството за здравство во Берово била да го организира здравството во целата околија. За таа цел биле мобилизирани повеќе познати лекари од тоа време. До 1979 год., Домот за здравство бил сместен во несоодветна павилјонска зграда која била изградена веднаш по ослободувањето. Од истата година вработените во Домот работат во новиот објект. Во моментот тој се води како Јавна здравствена организација - Здравен дом Берово. Со својата дејност Домот го покрива подрачјето на општина Берово со над 14 000 жители. Домот ги врши следните дејности: амбулантно-поликлиничка здравствена заштита, стоматолошка здравствена заштита и обезбедување со лекови. Кон Здравствениот дом-Берово е приклучена и подрачната единица на Завод за здравствена заштита Кочани, ХЕРЕ-Хигиенско Епидемиолошка Работна Единица-Берово. Работата е организирана во следниве организациони единици: служба за општа медицина, итна медицинска помош и домашно лекување, здравствени пунктови во селските населби, диспанзер за жени, патронажна служба, рендген кабинет со служба АТ заштита, интернистичка служба, стоматолошка служба, служба за аптекарска дејност, медицинско-биохемиска лабараторија и служба за општи, правни, сметководствени и технички работи. Покрај Здравниот дом, има три приватни аптеки, две стоматолошки ординации, една интерна, една дијагностичко-лабараториска ординација и една гинеколошко-акушерска ординација.

## 1.16. ЛИСТА НА НВОи ВО ОПШТИНА БЕОВО

Листа на НВОи во општина Берово

На територијата на општина Берово има 51 Невладини организации

| **Име на НВО** | **Мисија** | **Адреса** | **Контакт лице** | **Телефон/mail** |
|---|---|---|---|---|
| Еколошко друштво “Брица” | Заштита и подигање на свесза значење на животната средина. | Ул “Моша Пијаде” бр.42 А Берово | Реџовска Жаклина | 033/472 602 ed_brica@yahoo.com |
| Здружение на земјоделски производители | Иницирање, помагање и насочување на развојот на земјоделското производство. | Ул “Борис Кидрич”бб. Берово | Шумански Дарко | 033/471 646 070/327 069 |
| Пчеларско здружение “Малешевска пчела” | Унапредување на пчеларството и производство на еколошки чист мед. | Ул “Маршал Тито”бб. Берово | Димитровски Љупчо | 070/722 288 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Здружение на компиро-производители<br>“Агриа 2002” | Набавка на семенски материјал и производство на компир | Ул “23 ти Август” бр.17<br>Берово | Лапевски Бранко | 033/470 168 |
| Граѓанска Асоцијација на Македонија<br>"ГАМА" | Развој и унапредување на демократски, културни, образовни и економски процеси | Ул“Борис Кидрич” бб<br>Берово | Коловска Ирена | 033/471 151<br>gama-berovo@mt.net.mk |
| Регионален центар за развој на Малешевијата<br>"РЦРМ" | Развој на НВО секторот во регионот | Ул “Борис Кидрич” бб.<br>Берово | Коловски Дејан | 033/471 151<br>gama-berovo@mt.net.mk |
| Центар за лековити билки и шумски плодови<br>“Амброзија” | Правилна употреба на лековити билки и шумски плодови | Ул“Леонидова” бр.2<br>Берово | Јасминка Пашалиска-Андоновска | 033/470 287<br>070/327 065 |
| Здружение на одгледувачи на овци<br>"Паруца" | | с. Будинарци | Љупчо Ризински | 070/473 068 |
| Регионален сојуз на здруженија “Еко-Малеш“ | Земјоделско и сточарско производство на здрава храна | “Кеј Младина” бр. 18<br>Берово | Илија Рушковски | 033/471 599 |
| Здружение на одгледувачи на печурки<br>“Малеш“ | Развој и унапредување на производство на печурки | Ул. “Задарска” бр. 47<br>Берово | Митко Бубевски | 033/472 888 |
| Здружение на производители на овошје<br>“Малешевско овошје” | Унапредување на производство и преработка на овошје | Ул. “11ти Октомври” 4б<br>Берово | Славчо Аждерски | 033/471 108 |
| Здружение на одгледувачи на овци | | Берово | Јован Буовски | |
| ЗГР "Романела" | Едуцирање на жената Ромка во разни области: образование, самохрани мајки, хендикепирани лица, човекови права, семејно насилство | Ул. “23 ти Август” бр. 39<br>Берово | Лејла Чиндаровска<br>Азира Кундевска | 033/471 592<br><br>033/472 730<br>romanelaberovo@yahoo.com |
| Организација на жени "Роза"-Берово | Организиран настап на општествените активности на жените, иницирање на прашања поврзани со унапредувањето на општествено-економската положба на жените. | Ул. "Димитар Влахов" бр.8<br>Берово | Цветанка Пеовска | 033/471 654<br>070/684 252 |
| Здружение за развој на туризмот и угостителството<br>“Малешево” | Унапредување и развој на туризмот во општина Берово | Ул. “Маршал Тито” бр. 130<br>Берово | Зоран Пеовски | 033/471 101<br>mrsmacedonia@yahoo.com |
| Здружение на граѓани за унапредување на планински туризам<br>“Фета” | | Берово | Драги Пашалиски | |
| Здружение за развој на селски туризам “Малеш“ | | Берово | Драган Коколански | |
| Здружение за туризам и туристички превоз<br>“Сафари” | Развој на туризмот и туристичкиот превоз | Ул. “Партизанска” бр. 40<br>Берово | Горанчо Костевски | 033/470 216 |
| Здружение за развој на туризмот “Стефибо” | | Владимирово | Јован Ханџиски | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Здружение за туризам “Сандра” | | Ул. “Маршал Тито” Берово | Илија Александров | 033/470 770 |
| Извиднички одред “Берани” | Придонес во развојот на младите луѓе и нивните можности | Ул. “Маршал Тито” бр. 105 Берово | Дејан Поповски | 033/471 559 popovski@hotmail.com |
| Карате клуб “Малеш“ | Развивање и омасовување на карате спорт во Малешевијата | Ул. “Партизанска” бр.15 Берово | Горан Коловски | 033/471 121 |
| Карате клуб | Развивање на карате спортот | Ул. “Задарска” бр. 45 Берово | Наум Пашоски | 033/470 141 |
| Младински центар “Агора” | Помош при решавање на проблеми на младите | Ул. “23$^{ти}$ Август” Берово | Емилија Аврамска | 070/688 101 |
| Спортско-риболовно друштво “Абланица” | | Берово | Анѓелко Рајковски | 033/472 837 |
| Кајакарско друштво на мирни води “Јованчо Дракалски” | Развој и унапредување на кајакарскиот спорт во Малешевијата | Берово | Јовица Миличински | 075/542 273 |
| Фудбалски клуб “Малеш“ | | Берово | Звонко Скендерски | |
| Фудбалски сојуз | | Берово | Борис Бубевски | |
| Радиоаматерски клуб “Дивна” | Ширење и запознавање со тајните на радиоаматерската техника | Ул. “Моша Пијаде” бр. 51 Берово | Горан Рецовски | 033/472 602 |
| Културно уметничко друштво “Димитар Поп Ѓорѓиев-Беровски” | | Берово | Војо Соколовски | |
| Здружение на возачи | Превенција во сообраќајот, технички прегледи и регистрации на возила | Ул. “Струмички пат” бб Берово | Митко Бубевски | 033/471 417 |
| Авто-мото друштво “Брегалница” | Вршење на технички прегледи, регистрација на моторни возила и обука на возачи од сите категории | Ул. “Маршал Тито”бр.4 | Бранко Чамински | 033/471 711 033/471 987 |
| Сојуз на здруженија за техничка култура “Народна техника” | Ширење на техничката култура меѓу младите и возрасните | Ул. “Моша Пијаде” бр. 49 Берово | Јовица Миличински | 075/542 273 |
| Друштво на геодетски техничари и инженери | Следење на современиот развој на геодетската наука и практика и пренесување на нови знаења | Ул. “Вељко Влахович” бб Берово | Роска Пачемска | 033/471 311 033/471 231 |
| Здружение на производители на стилски мебел, иконостаси, икони и сите видови резба од дрва “Малеш резба” | | Берово | Љупчо Врането Вранчовски | |
| Здружение на копаничари и сликари “Иконостас” | | Берово | Голуб Чамовски | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Здружение на ткајачи "Серафим"-Берово | Негување на малешевското ткаење, културно живеење и изработка на современи волнени предмети за дома. | Берово | Ана Пачемска | 033/470-623 |
| Здружение на граѓани "Ракотворби" | Зачувување на традицијата, развој и потикнување на стари занаети | с. Русиново | Горан Механџиски | 033/448-656 071/793-321 ciskog@yahoo.com |
| Регионален центар за подршка на лица со интелектуална попреченост "Порака" | Подршка на лица со интелектуална попреченост и нивно вклучување во општеството | Берово | Фурнаџиска Славица | 033/471-072 070/887-388 |
| Хуманитарно здружение "Ахмед" човечко милостиво однесување | Вршење на хуманитарна дејност, помош на лица, организирање на културно-спортски манифестации | Ул. "прохор Пчински" бр.11 Берово | Мустафа Едипов | 033/462 755 |
| Ромски центар "Састипе-здравје" | Рехабилитација на стари и болни лица, а посебно на хендикепирани лица | Ул. "Гоце Делчев" бр.18 Берово | Сафет Цупевски-Камачо | 070/761 222 |
| Здружение на инвалиди на трудот | Грижа и нега на инвалиди на трудот | Ул. "Борис Кидрич" бб Берово | Јован Дракалски | 033/470 091 |
| Здружение на граѓани со дијабетес на општина Берово | Помагање и обучување на заболени лица од дијабетес | Ул."Задарска" бр. 4 Берово | Глигор Брашнарски | 033/470 495 |
| Организација на Црвен крст на општина Берово | Хуманитарна помош на луѓе | Ул. "Моша Пијаде" бб Берово | Дафинка Брашнарска | 033/471 109 |
| Здружение на пензионери на општина Берово | Активности за усогласување на потребите и интересите од разни области | Ул. "Младински Кеј" бб Берово | Јован Дупкарски | 033/470 387 |
| Здружение на сметководители, финансисти и ревизори | Унапредување на сметководствените стандарди | Ул. "11ти Октомври" бр.28 Берово | Благој Дујовски | 033/471 880 033/471 232 |
| Општински противпожарен сојуз Берово | | Ул. "23ти Август" бб Берово | Страхил Димитровски | 033/471 900 |
| Ловно друштво "Дабевец" | | Берово | Љупчо Биљарски | 033/472 837 |
| Сојуз на борците од НОАВМ 1941-1945 на општина Берово | | Ул. "Младински Кеј" бр.3 Берово | Павле Крмарски | 033/470 388 |

## 1.17. СПОРТ

Спортот во Берово отсекогаш имал важно место во животот на Беровчани, но во моментот е во стагнација. Причините за тоа се економската ситуација во регионот и државата, големата невработеност, незавршени спортски сали, а оние кои постојат се во лоша состојба. Иако спортувањето од најмала возраст е практика во другите држави, тоа е и

потреба за правилен развој на младите, кај нас тоа е можност само за одредени луѓе и одредени спортови.

Преку иницијативи на НВОи, рекреативците и други интересенти се планира да се трасираат патеки за пешачење, трчање и возење велосипед околу езерото и на други локации. Со трасирање на овие спортски патеки се овозможува формирање на повеќе спортски друштва, зголемување на бројот на рекреативците и можности за домашни и меѓународни натпревари.

За интересот во спортот кај младите зборува и успехот на група деца со специјални потреби од Берово кои учествувале на неколку Специјални Олимпијади и при тоа покажале значителни резултати. На Специјалната Олимпијада во Охрид, во 2004 година освоиле 4 златни медали и тоа во: фудбал, атлетика, скок во далечина и брзо одење. На Специјалната олимпијада во Анталија, во 2005 година освоиле бронзен медал во фудбал, а екипно го освоиле петтото место од 21 екипа од повеќе Европски држави. Покрај тоа учествувале и на други вакви натпревари, како што се Европска фудбалска недела и други, каде исто така покажале резултати.

## 1.17.1. СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВНИ КЛУБОВИ

**-Фудбалски клуб "Малеш"**

Фудбалскиот клуб "Малеш"-Берово е формиран меѓу првите клубови во тогашна Југославија поточно 1919 година. Во тоа време ФК „Малеш„ е меѓу првите клубови во Македонија со кои до 1946 година играле пријателски натпревари. Од 1946 година до ден денес ФК ”Малеш„ успешно се натпреварува во сите натпреварувачки лиги, од кои најзабележителен успех се спомнува неговото учество во Втората Македонска фудбалска лига.

Од генерациите на фудбалската школа на ФК ”Малеш„ најистакнати се Никица Клинчарски кој настапуваше во ФК ”Партизан”-Белград и за репрезентацијата на Југославија и Дејан Демјански кој има настапувано за повеќе клубови во Македонија и надвор и за репрезентацијата.

**-Кајакарски клуб за веслање на мирни води „Јованчо Дракалски”-Берово**

Кајакарското друштво „Јованчо Дракалски”-Берово е формирано и регистрирано како правно лице од 1979 година како друштво членка на Народна техника-Берово. Кајакарскиот клуб за сите овие години на постоење има реализирано низа активности, како обука за почетници, одржување на подготовки и учество на Државни Првенства за сите категории во К1, К2, К4 на 200 м, 500 м, 1500 м, како и на маратони на 5000 м и 10000 м., учество на летни кампови и Кајакарски школи за обука на инструктори и сл.

На овие натпревари кајакарите од Кајакарскиот клуб за веслање на мирни води „Јованчо Дракалски”-Берово имаат освоено бројни признанија, дипломи, медали и пехари.

**-Одбојкарски клуб "Малеш" - Берово (моментално клубот не постои)**

Одбојкарскиот клуб "Малеш"- Берово, во 1978 година почна како спортска секција во ОУ "Дедо Иљо Малешевски"-Берово, а потоа беше регистриран како Одбојкарски клуб и како член на Одбојкарскиот сојуз на Македонија. Клубот спроведуваше активности, како подготовки така и учества на натпревари, во Првенствата на ниво на Македонија, пробивајќи се од Третата Македонска, преку Втората до Првата одбојкарска лига на Македонија во која се натпреваруваа еден подолг период и беа меѓу првите клубови во Македонија во кој период се појавија и играчи кои покасно ги продолжија своите кариери во клубовите во Македонија па и надвор.

**-Женски ракометен клуб "Малеш" (моментално клубот не постои)**

Женскиот ракометен клуб "Малеш"–Берово е формиран во почетокот на 1972 година и своите активности ги базираше на големата ангажираност на луѓето од управата на клубот, а успесите се базираа и на исклучителниот талент на неколкуте генерации ракометарки со кои Ракометарскиот клуб „Малеш„ се пробиваше низ сите тогашни рангови на натпревари се до тогашната Втора Сојузна ракометна лига на Југославија, а при тоа постигнуваше добри успеси.

**-Карате клуб**

Активностите во Карате спортот во Берово на почетокот на 70–те се одвиваа во спортската сала на ДТВ „Партизан”-Берово, а покасно во 1985 година се формира "Шото кан" клуб и 1995 година "Ваду риу" клуб кои се натпреварува во своите рангови како на Државно така и на Меѓународно ниво, на кои имаат освоено многубројни награди, медали и пехари, од кои позначајни се освоените награди на европските карате првенства.

**-Риболовно друштво "Абланица"**

Риболовното друштво "Абланица" има направено пререгистрација 1999 година и функционира и ден денес на принцип на членарина од членството и наплаќање на дозволи за риболов.

**-Ловно друштво "Дабевец"**

Ловното друштво "Дабевец" има направено пререгистрација 1999 година и функционира и ден денес на принцип на членарина од членството и наплаќање на дозволи за лов.

## 1.17.2. СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

- Спортска сала во Основното училиште „Дедо Иљо Малешевски”, најчесто се користи за одржување на редовната настава по физичко воспитување за учениците во истоимената училиште;

- Градски фудбалски стадион, кој се наоѓа на влезот во Берово и се користи за тренинзи и натпревари на фудбалскиот клуб „Малеш";
- Спортска сала ДТВ „Партизан", која е во нефункционална состојба денес, а порано се користела за гимнастика, тренинзи за разни спортови како што се: пинг-понг, како и за оржување на различни манифестации и приредби.
- Градската сала која е во изградба, а се наоѓа во близина на гимназијата „Ацо Русковски";
- Терени за одбојка, кошарка, ракомет и тревен терен за мал фудбал, кои се наоѓаат кај старата гимназија;
- Терени за одбојка и кошарка во градскиот парк во Берово;
- Во тек е изградбата на детското игралиште, кое е лоцирано на просторот меѓу ул."Гоце Делчев" и ул. „11 $^{ти}$ Октомври";
- Исто така и во сите населени места има спортски сали со терени, кои се наоѓаат во склоп на училиштата, но не се во многу добра состојба.

## 2. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА БЕРОВО

**Изведени проекти**

-Изградба на канализациона мрежа во дивата населба Којова Ливада-2002/2003, донација од Министерство за транспорт и врски.
-Изработка на нацрт верзија на ЛЕАП-2003, донација од Министерство за животна средина и просторно планирање.
-Изградба на градски парк-2000/2001, донација од USAID и UNDP
-Чиста и зелена Македонија, проект за чистење на дивите депонии-1998/1999, донација од UNDP.
-Реконструкција и изградба на нови тротоари во градот-2000-2002, донација од Германска влада
-Замена на азбест цементна водоводна мрежа-2000-2002, донација од Германска влада.
-Реконструкција и обнова на спортските терени во старата гимназија-2003, реализиран од страна на Општина Берово

**Проекти во тек:**

-Изградба на канализациони мрежи во населените места: Ратево, Владимирово, Смојмирово и Русиново-донација од Биро за неразвиени подрачја.

-Изградба на колекторски систем на Беровското Езеро-донација од Швајцарската влада.

-Регулација на постоечките атмосферски канализации, Фуденски канал и Цигански ендек-донација од Германска влада.

-Чистење на постоечките атмосферски канализации во градот-континуирана акција на Општина Берово.

-Акција "За чист град"-се спроведува секоја година на денот на екологијата, а во соработка со Министерство за Шумарство, Водостопанство и Земјоделие; Министерство за животна средина и просторно планирање; Општина Берово; образовните институции и НВОи.

-Општина Берово е вклучена во проектот за изработка на физибилити студија за изградба на регионална санитарна депонија во село Карбинци.
-Во тек е изградбата на детското игралиште, кое е лоцирано на просторот меѓу ул."Гоце Делчев" и ул. "11 ти Октомври" кое е донација од Агенцијата за млади и спорт на Р. Македонија.

**Проекти кои се планираат во иднина**

-Изградба на пречистителна станица на реката Брегалница-дел од средствата се одобрени од Швајцарската влада.

-Реконструкција на улицата "Јуриј Гаргарин", во централното градско подрачје-средства се добиени од Светска Банка.

-Изградба на дневен центар за хендикепирани лица, во просториите на старата гимназија-средства се одобрени од Финската влада.

-Изградба на канализациона мрежа во с.Русиново - дел од средствата се одобрени од страна на Министерство за транспорт и врски, а за останатиот дел ќе се аплицира преку програмата CARDS.

-Реконструкција на водоводни мрежи по градските улици:

-ул. "11$^{ти}$ Октомври"-дел од средствата се одобрени од Министерство за животна средина и просторно планирање;

-ул. "Страшо Пинџур"-дел од средствата се одобрени од Јапонската влада.

-Доизградба на сите канали и ендеци и нивно континуирано чистење.

-Регулација на реката Брегалница.

-Регулација на каналот на ул. "Велко Влаховиќ".

-Реконструкција на тротоари по главната улица "Маршал Тито".

-Реконструкција на водоводната мрежа во сите села.

-Доизградба на Градската спортска сала која се наоѓа во близина на Гимназијата "Ацо Русковски"-Берово.

Во моментот се очекуваат резултати од Светска Банка за изградба на центар за згрижување на жртви од семејно насилство, а исто така се очекуваат и резултати од третиот круг на "Развој на општините и културата", каде што беа поднесени проекти од страна на многу НВОи во Берово, а одобрени од Координативното тело на Општина Берово и се од големо значење за целата општина. Тоа се следните проекти: Реконструкција на зградата на стариот суд во Берово; реконструкција на салата "Партизан"; изградба на пешачка патека до црквата Св. Богородица; Реконструкција на стара воденица во манастирскиот комплекс; Зачувување на стари занаети (копаничарскиот занает); Развој на алтернативниот туризам во Берово; Реконструкција на просторија за отварање на изложбено-продажбен центар за традиционални ракотворби од нашиот регион.

## 2.1. ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ

Во моментот во Општина Берово, се реализира еден од поголемите проекти што досега се спроведувале, а тоа е проектот за Локално управување за одржлив човечки и економски развој-ЛАР Берово, кој е во склоп на програмата на UNDP. Општина Берово е партнер во овој проект кој почна да се реализира од декември 2003, и ќе трае до 2006 година.
Во рамките на овој проект се сместени повеќе подпроекти, на кои се работи континуирано и досега се реализирани следните активности:

**1. Проценка на шумите**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Дефинирана е содржината на студијата за Проценка на потенцијалите во соработка со Финските партнери;
- Изработен е Извештај за проценка на регионалните потенцијали, во соработка со национален експерт;
- Промоција на Извештајот пред локалните и регионални засегнати страни;
- Посета од фински експерт и форум со локални претставници.

**2. Модел на фарма за млеко**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Воспоставена е соработка со локалните земјоделски здруженија;
- Направена е проценка на локалните потенцијали за производство на млеко и млечни производи;
- Посетени се неколку фарми во Регионот на Шушма во Финска;
- Промовиран е извештајот за состојбите со производството на млеко во Малешевијата;
- Форум со претставници на различни локални институции и организации.

**3. Библиотека**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Меморандуми за соработка со локални, национални и партнери од Финска;
- Формирана е локална работна група;
- Студиска посета од претставници на Финска;
- Разработката на функционалниот модел од страна на Локалната група со дефинирана потенцијална локалција;
- Студиска посета на наши претставници на Финските библиотеки;
- Промовиран е функционалниот модел на библиотека на локално и национално ниво.

**4. Туристички информативен пункт**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Собрани се податоци за постоечките туристички капацитети, активности и услуги во регионот и воспоставена соработка со сите засегнати субјекти;
- Подготвен е промотивен матерјал за регионот;
- Потпишан е Меморандум за соработка со ТА "Аурора турс";
- Во функција е Туристички информативен пункт, на влезот во Берово и два туристички агенти ги обезбедуваат сите неопходни информации;
- Подготвен е каталог за сместувачките капацитети во Берово и околината.

**5. Маркетинг на локалните производи**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Воспоставени се контакти со локалните производители;
- Направена е база на податоци за специфичните локални производи и производители;
- Воспоставена е соработка со занаетчиите;
- ТИП помага во промоцијата и продажбата на локални производи;
- Беше одржан прв Саем за промоција на локалните производи "Малешевијата на дланка ";
- Подготвени промотивни материјали за локалните производители;
- Беше одржан втор Саем за промоција на традиционални ракотворби, сувенири и занаетчиски производи, под името "Традицијата-визија за иднината";
- Ќе се организираат обуки за локалните субјекти, за подобрување на туристичките услуги и понуди.

**6. Урбано уредување-"За наше Берово"**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Меморандум за соработка со ЕД "Брица" и ЈПКР "Услуга"-локални партнери одговорни за одржување на уредениот простор;
- Организирана е пролетна кампања и локална акција "За наше Берово" за чистење и беше уреден дел од централното градско подрачје во согласност со ЛЕАП;
- Со Есенската акција се уреди пристапот до Пазарот и се организира масовна акција за чистење, во соработка со Општината, учениците од основно и средно училиште, ЈПКР, медиумите и граѓаните;
- Планирано е уредување на местото каде што се наоѓала родната куќа на Дедо Ијљо Малешевски;
- Следува уредување на простор за продажба на млечни производи, на просторот на градското пазариште, во соработка со локални партнери;
- Уредување на трим патеки, од градот Берово до туристичките населби: Абланица и Беровско Езеро, како и изработка на мапи;

- Кампања "Заедно за наше Берово" во соработка со локални партнери за намалување на користењето на најлонски кеси и Кампања "Најубаво уреден двор";
- Уредување на детски игралишта и зелени површини.

**7. Зголемување на економската едукација и активности на жените**

Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Организиран е прв женски форум за прашања поврзани со економската положба (20 учеснички) и презентација на "Марта"-Финска женска асоцијација;
- Иницирано е формирање на женска организација;
- Основачко собрание на 4 Октомври-идеи за решавање на неколку приоритетни проблеми;
- Сумирење на одговорите од прашалникот за утврдување на потребите од обука и негување на традиционалните вештини и занаети на жените во руралните и урбаните подрачја;
- Посета од "Марта"-форум со претставнички на женски здруженија од регионот и презентација на финската организација "Марта" од страна на две претсавнички;
- Креирање на доглорочна програма за обука на жени од урбани и рурални области, во соработка со Агенција за вработување-Берово;
- Планирани се активности за сопствена промоција и ревитализација на традиционалните вештини и занаети;
- Планирана е изложба на локални производи;
- Планирани се обуки за подобар пристап до финансиски ресурси и информации;

**8. Прекугранична соработка**

Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Посета на Струмјани за дефинирање на приоритети за соработка;
- Организирана е прва работилница за прекугранична соработка во Берово со учество на претставници од различни сектори (бизнис, ЛСГ, НВОи);
- Учество на ПРЕПЕАР средбата во Софија;
- Студиска посета на членовите на ЛСГ на Бугарија;
- Посета на експерти од Шушма;
- Работилница за прекугранична соработка и Разработка на конкретни идеи за заеднички проекти пред ЕУ и други донатори;
- Обука од претставник од Шушма за достапност до ЕУ-фондови и потенцијали за прекугранична соработка;
- Следува организирање на Форум за претставување на стопанските субјекти од Берово и Струмјани-Сандански;
- Студиска посета на Бугарија.

**9. Биолошка енергија**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:

- Подготвен извештај за потенцијалите за изнаоѓање на алтернативни видови на био-маси за производство на енергија, во соработка со Машински факултет-Скопје
- Организирана е презентација на извештајот;
- Следува разработка на потенцијален пилот проект за искористување на биолошката енергија за свињарска фарма-Берово.

**10. Регионално планирање и меѓуопштинска соработка**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:
- Проценет е регионалниот интерес за регионално планирање во урбаните и рурални области;
- Потпишан меморандум за соработка од градоначалниците на Берово, Пехчево и Делчево.

**11. Меѓу општинска соработка-регионално планирање**
Активности во рамките на овој подпроект, кои се реализирани до сега се:
- Сумирана е предходната обука на вработените во локалната администрација, организирани од различни организации;
- Детерминирани се приоритетите и потреби за обука на локалните структури за идниот период;
- Ќе следува Тренинг за стратешко планирање за членовите на ЛСГ и Локалната власт и изработка на Стратегија за развој.

# 3. ВИЗИЈА

## 3.1. Визија за Берово во следните две години (крај 2007)

(според присутните на работилницата за изработка на Акционен план)

1. Берово да стане омилено место за одмор на многу домашни и странски туристи.
2. Да се остави добар впечаток кај туристот. Кој и да го посети да сака повторно да го посети регионот.
3. Берово да се препознава по развиениот Еко-туризам во Македонија
4. Да се обезбедат програми за развој во сите области, а посебно во сферата на Економијата и Еко-туризмот
5. Развиен Еко-туризам
6. Обновување на постоечките туристички локалитети
7. Да се зголеми капацитетот за 500 нови легла за туристите
8. Да се зголеми бројот на туристите
9. Создавање на капацитети за престој на спортски екипи и нивни подготовки.
10. Да се реконструираат културни објекти во функција на развој на Еко-туризмот
11. Реновирани културно-историски објекти и нивно организирано посетување од страна на туристите
12. Развиен Еко-туризам и развиена економска моќ на граѓаните
13. Создавање и промовирање на здрава и квалитетна храна
14. Создавање на продажни места во централното градско подрачје за продажба на Малешевски производи, сувенири и др.
15. Продавници за сувенири со автетнтичен стил
16. Променет пристап и нов начин на организација на производството за одредени гранки (земјоделие, сточарство, лековити билки, шумски плодови)
17. Развој на капацитети за преработка на стратешки производи кои ги нуди Малешевијата
18. Создавање на еколошки здрава храна, стандардизирани производи, поголема презентација на малешелските ракотворби, одржување на повеќе културно-уметнички манифестации во Берово, зачувана традиција на гостопримливи домаќини
19. Препознатливост на градот по својата култура, традиција
20. Реставрирани поголем број од значајните објекти во Берово како и приватни стари објекти
21. Поголема реклама на градот и на неговите капацитети
22. Создавање на поубав и посреден град
23. Промени во културата на населението (комунална, еколошка)
24. Едукација на населението за подигање на еколошката свест
25. Еколошки чист град привлечен за домашни и странски посетители на природни убавини и традиција
26. Создавање на нов урбанистички лик на градот и околината

27. Поставување на осветлување, ознаки за сите локалитети, обука на туристички водичи
28. Создавање на систем за рециклирање на отпад
29. Изградба на пречистителна станица
30. Нови објекти со забавен карактер (дискотеки, детски игралишта)
31. Изградба на пешачки и велосипедски патеки до познатите туристички локалитети
32. Завршување на спортската сала до средното училиште и оформување на спортскиот комплекс околу стадионот на Ф.К. "Малеш"
33. Дооформување на кајакарскиот дом и правење на обележани патеки за припрема и одржување на спортски натпревари во кајак и кану
34. Отворање на граничен премин со Р.Бугарија

### 3.2. Изјава од градоначалникот за приоритетните активности што ги предвидува Локалната Самоуправа во насока на развој на Еко-туризам во Берово

1. Постоење на Туристички-Информативен Пункт (TIP-Turist Information Point) - треба да продолжи да функционира, бидејќи располага со добра база на податоци, се залага за промоција на регионот, а во иднина може да се насочи во правец на организирање на туристички посети. Во иднина да се изнајде начин за самофинансирање, како што е на пример провизија од сместување на туристите.
2. Обуки за туристички водичи, раскажување легенди и приказни за одредени места, кои се карактеристични за Берово
3. Означување на трим патеки.
4. Едукација на населението за издавање простории на туристи, а при тоа да бидат задоволени оптималните стандарди за прием на гостите.
5. Едукација на населението за подигање на нивото на еколошката свест преку акции за чист град како и избор на најубав двор и улица.
6. Поставување на канти за отпадоци во туристичките населби како и едукација на гостите и на туристичките сопственици.
7. Изготвување на детален урбанистички план за туристичките населби:Абланица,Беровско езеро, Суви Лаки.
8. Изградба на колекторски систем за заштита на Беровско Езеро.
9. Изградба на пречистителни станици за отпадните води за заштита на реката Брегалница.
10. Изградба на атмосферска канализација во местата каде што нема.
11. Уредување на централното градско подрачје и осветлување на влезот во Берово.

## 3.3. Коментар на резултатите добиени од Првичната Анкета спроведна помеѓу граѓаните од Берово

### *П1. Дали знаете што е ЕКО ТУРИЗАМ?*

Одговорот во сите анкетни прашалници беше потврден со ДА, при што на прв поглед се гледа општото мислење на граѓаните дека тие се запознаени со овој поим, меѓутоа дали е тоа така може да се добие права слика од нивните понатамошни одовори на овој анкетен прашалник. Наше мислење е дека граѓаните се многу малку запознаени со начелата за Екотуризмот, и затоа во активностите кои би биле превземени со овој проект би требало да се обрати внимание и на овој сегмент, тоа би подразбирало соодветна едукација и запознавање (преку трибини, брошури летоци, кампања за подигање на свеста за имплементација на екотуризам во Берово) на граѓаните.

### *П2. Дали мислите дека Берово има услови за развој на ЕКОТУРЗАМ?*

Општ заклучок по оваа прашање за мислењето на граѓаните е дека Берово има природни услови за развој на екотуризам, меѓутоа тие не знаат кој би требало да ја покрене таквата иницијатива и како би требало да ја реализира.

### *П3. Дали сакате Берово да се развие во туристичко место?*

100% од испитаниците се изјасние дека би сакале Општината Берово во иднина да ја видат како туристичко место. При што може да се заклучи дека постои изразена волја за развој на туризмот, а тоа би подразбирало и развој на Екотуризам.

### *П4. Кои се вашите омилени места во Берово и околината?*

На оваа прашање се добиени различни одговори од кои може да се забележи дека некои места доминираат (резултатите се приложени во табелата):

| Место | % |
|---|---|
| 1.Манастир “Св. Архагел Михаил“ | 7 |
| 2.Црква “Св. Богородица“ | 5 |
| 3.Акумулационо езеро | 25 |
| 4.м. Абланица | 32 |
| 5.м. Линакот | 2 |
| 6.м. Сливница | 5 |
| 7.м. Суви лаки | 1 |
| 8.м. Јуовец | 10 |
| 9.м. Брицки (ловен дом) | 4 |
| 10.м. Паруца | 1 |
| 11.м. Бреза | 1 |
| 12.м. Голема Ливада | 1 |
| 13.м. Рек. Центар “Малесево“ | 6 |



**П5.** Кои културно историски знаменитости би биле привлечни за туристите?

Исто така се добиени различни предлози од граѓаните но воглавно може да се групираат како што е прикажано на самата табела:

| *Место* | *%* |
|---|---|
| Манастир "Св. Архагел Михаил" | 45 |
| Црква "Св. Богородица" | 30 |
| Акумулационо езеро | 5 |
| Градскиот Музеј | 16 |
| Старата архитектура | 2 |
| Споменик на Даме Груев | 2 |




**П6.** Која би била корист на локалното население од спроведувањето на Екотуризмот?

Тука граѓаните дале најралични очекувања меѓутоа најдоминатна придобивка која тие ја очекуваат е економскиот развој, културниот развој, подобрување на животната средина и производсвто на еколошки-чисти производи во оваа општина. Нивните одговори можат да се видат од табелата:

***П7. Што му недостасува на Берово?***

| | |
|---|---|
| Економски развој | 16 |
| Културен развој | 4 |
| Подобрување на животната средина | 8 |
| Подобрување на инфраструктурата | 2 |
| Производство на чисти - еколошки производи | 5 |




По се се чини дека на оваа прашање одговорите беа доста разновидни и листата на потребите на граѓаните можеби е и поголема од колку што може да се даде на еден акетен листа, меѓутоа одговорите кои што преовладуваа за развој на Екотуризмот во Берово според граѓаните најмногу од се недостасуваат: финансии, инвестиции, еколошка свест, култура, сместувачки

капацитети, организација, инфраструктура, иницијатива, афирмација и маркетинг, уредување на парковите и просторот, менаџмент на отпадот, компетентни лица, шеталишта, патеки во околината на Берово, целогодишен туризам, спортски терени, информации, хигински услови, стратегија за развој на подрачјето, невработеноста итн.

**3.4. Приоритетни активности за развој на Еко-туризам во Берово со временска рамка**
(според присутните на работилницата за изработка на Акционен план)

1. Средено градско подрачје (до 2007 година)
2. Осветлување на влезот и воопшто целиот град (до 2006 година)
3. Зголемување на бројот на сместувачките капацитети (во тек)
4. Уредување на влезот во Берово (до 2007 година)
5. Поставување на ознаки во градот и околината (до крајот на 2005 година)
6. Подобрување на хигиената во градот (континуирано, веднаш)
7. Подобрување на квалитетот на водата за пиење (континуирано)
8. Изградба на колекторски систем за областа околу Беровско езеро (континуирано)
9. Изградба на пречистителна станица за отпадните води (континуирано)
10. Завршување на стечајни постапки (до крајот на 2005 година)
11. Маркетинг, промоција на Берово (континуирано)
12. Афирмација на НВОите, информираност за прибирање на финансиски средства (континуирано)
13. Чист град (континуирано)
14. Едукација на населението (континуирано)
15. Едукација на туристички субјекти (континуирано)
16. Трасирање на патеки за пешачење, велосипски патеки, поставување на канти за отпадоци на истите, подобрување на инфраструктурата (до крајот на 2006 година)
17. Едукација за зголемување на еколошката свест кај населението како предуслов за поздрав живот ,но и подобри услови за развој на Еко-туризам (континуирано)
18. Реновирање на Стариот суд (до крајот на 2006 година)
19. Развој и едукација на населението за развој на селски туризам (2007 година)
20. Обука за B&B (Bed & Breakfast – Кревет и доручек)
21. Едукација и промоција на B&B модел на работа (Bed & Breakfast)
22. Изработка на туристички водич (најбрзо)
23. Едукација на туристички водичи (најбрзо)
24. Стандардизација на Малешевски производи-лого,знак (до 2006 година)
25. Промоција на традиционалната кујна (континуирано)
26. Зголемена промоција на Малешевските потенцијали (веднаш)
27. Стратегија за развој на Еко-туризам (веднаш)
28. Подобрување на инфраструктурата и содржините за задржување на туристите (континуирано)
29. Отварање на граничен премин (до крајот на 2007 година)
30. Едукација на луѓето за квалитетни туристички работници во средното образование, преквалификации (во иднина)
31. Изградба на современа млекара (до 2007 година)
32. Подобрување на комуникацијата на ниво Локална Самоуправа и Тур-оператори (континуирано)

## 4. SWOT–анализа во Берово за развој на Еко-туризам
(Предности, Недостатоци, Можности и Закани)

### 4.1. Анализа на јаки страни во регионот

1. Постоење на вештачко езеро;
2. Добро зачувана и еколошки чиста природа;
3. Добри климатски услови;
4. Богатство на разновиден шумски фонд;
5. Голема гостопримливост на жителите;
6. Производство на квалитетни земјоделски производи;
7. Постоење на викенд населби;
8. Постоење на Туристички Информативен - Пункт;
9. Саем на локални производи;
10. Афирмирани локални производи;
11. Традиционални верски собири: Илинден, Богородица
12. Изработка на традиционални ракотворби;
13. Богата историја, верски и културни објекти;
14. Постоење на Културно Уметничко Друштво;
15. Одржување на ликовна колонија;
16. Одржување на Рели на џипови;
17. Високо образовани стручни кадри во сите области;
18. Солидна инфраструктура;

### 4.2. Анализа на Слаби страни во регионот

1. Ниско ниво на еколошка свест кај жителите;
2. Мал ангажман на ЈПКР "Услуга" и инспекциските служби;
3. Немање соодветен урбанистички план, посебно за викенд населбите;
4. Пропусти во надлежностите на Локалната самоуправа и неспроведување на законската регулатива;
5. Недостаток од туристички капацитети;
6. Недоволна едукација на сите субјекти кои се инволвирани во туризмот (угостители, сопственици)
7. Непрофесионалност на лицата кои нудат сместување;
8. Непоседување лиценци за изнајмување на простории;
9. Незаинтересираност на жителите за привлекување и задржување на туристи;
10. Недостаток од туристички водичи;
11. Неорганизирање на тури за туристи;
12. Непостоење на карта на туристички локалитети;
13. Непостоење на патеки за пешачење;
14. Недоволна осветленост на влезот во Берово;

15. Несоодветно одржување на пасиштата;
16. Голема опасност од пожари;
17. Недоволно лоцирање и отстранување на рушевините;
18. Потреба од реконструкција и рестарвација со автентична архитектура;
19. Неажурирање на web-страната на Берово;
20. Недоволна промоција на старата традиција;
21. Недоволна афирмација на културни и традиционални вредности;
22. Нестандардизирани малешевски производи;
23. Недоволна медиумска покриеност на регионот на национално и интернационално ниво.

**4.3. Анализа на можности во регионот**

1. Подобрување на еколошката свест со постојана едукација;
2. Подобрување на ангажманот на ЈПКР "Услуга", за правилно управување со цврстиот отпад;
3. Отварање на граничен премин според сите стандарди, размена на туристи;
4. Целосна изградба на колекторски систем за заштита на Беровското езеро;
5. Правилно управување со шуми;
6. Контрола на дивата сеча во шумите;
7. Реставрирање на културни објекти;
8. Контролиран лов и риболов;
9. Одржливо искористување на природните ресурси;
10. Промовирање на активностите на локално ниво;
11. Ажурирање на web-страната на Берово;
12. Афирмирање на еколошката карта, можност за формирање на Национален парк;
13. Национална-маркетинг кампања;
14. Традиционално одржување на саем;
15. Промовирање на културни и традиционални вредности;
16. Изготвување на програма за културни настани;
17. Начин за стандардизирање на Малешевските производи;
18. Можност за развој на селски туризам;
19. Можност за развој на Еко-туризам;
20. Едукација на туристички субјекти и водичи;
21. Изготвување на пропаганден материјал;
22. Трасирање на патеки за пешачење;
23. Соработка со ТА"Аурора", како и со други агенции во земјата и пошироко;
24. Продолжување и продлабочување на соработката со сите засегнати страни;
25. Искористување на странски инвеститори и донации;
26. Подобрување на забавниот живот.

### 4.4. Анализа на закани за регионот

1. Соседни општини со слични предуслови;
2. Лоша организираност и поставеност на работите;
3. Слаба иницијатива на жителите;
4. Слаба информираност на жителите;
5. Слаб маркетинг на регионот;
6. Ниско ниво на комунална култура;
7. Неконтролирано искористување на шумите;
8. Неконтролиран лов и риболов;
9. Недостаток на квалификувани кадри во туризмот;
10. Влошување на локалната инфраструктура;
11. Непостоење на Стратегија за развој на општина Берово;
12. Одлив на стручни кадри;
13. Неунифицираност на Малешевските производи;
14. Производство во несоодветни услови;
15. Недостапност на кредити;
16. Недоволно искористување на фондови.

# 5. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЕКО ТУРИЗМОТ ВО БЕРОВО

## 5.1 ВОВЕД

Работните состаноци со граѓаните од Берово за развојот на стратегијата за Еко-туризам и идеите кои произлегоа од овие состаноци, јасно укажуваат дека граѓаните на Берово се подготвени и заинтересирани за нови идеи и нови начини за оставрување на приходи. Еден од тие начини е и преку развојот на туризам. Меѓутоа туризмот треба да биде одржлив, Еко-туризам за да се зачуваат убавините кои Берово веќе им ги нуди на туристите.

Туризмот во Берово и производството на здрава храна веќе неколку години се промовира меѓутоа на ниско ниво. Желбата кај луѓето е да се продолжи добрата клима за развој на туризмот. Промоцијата на стратегијата за развој на Еко-туризам, како и нејзината имплементација се смета како основа за почеток на организирано допринесување кон развој на туризмот, урбанизирање на дел од општината, привлекување на туристи и можности за инвестиции.

Преку оваа стратегија и други проекти поврзани со Екологијата и Туризмот во последната година јасно се гледаат резултати на почетоци на успех во полето на Еко туризмот. Изготвените каталози, мапи, промотивни ЦД-а, идентификување на приватното и хотелското сместување даваат јасни резултати и се добра основа за посериозен пристап кон туризмот како од населението така и од страна на локалните власти.

Во Акциониот план за Развој на Еко туризмот во Берово се внесени сите идеи на Беровчани и сите предлози. Во изработка на стратегијата преку најразличен начин околу 100 луѓе ги дадоа своите идеи, факти информации и предлози за подобра стратегија.

За креирање на Акциониот план се работеше преку дефинирање на:

1.Анализа на општината,
2.Идентификација на потребите
3.Визијата на Беровчани
4.Поставување на приоритети
5.Цели, Активности и Работен план (ресурси,финансии и временска рамка)

| 5.2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОТРЕБИТЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Потреби** | **Прашања** | **Влијание** | **Причини** |
| Сместување на туристи | Недоволно капацитети за сместување на туристи | Слаба промоција на туризмот во Берово | Слаба едукација на населението за издвање на соби<br>Слаба иницијатива на ЛС за привлекување инвестиции |
| Туристички услуги | Недоволна понуда на туристички и рекреативни услуги | Слаба промоција на туризмот во Берово | Слаба едукација на населението за туристички услуги и немање на рекреативни капацитети |
| Чиста животна средина | Деградација на езерото од отпадните води | Непријатна глетка за туристите | Непостоење на урбанистички план за локациите околу езерото и непостоење на систем за одведување на отпадните води кои се влеваат во езерото |
| Културно наследство | Недоволна промоција на културното наследство | Слаба промоција на културното наследство | Ниско развиена јавна свест<br>Слаба промоција од страна на ЛС |
| Вработување | Висок процент на невработеност | Заедницата нема моќ за инвестиции<br>Долгогодишни стечајни постапки на комбинатите<br>Миграција на млади едуцирани кадри према СК и странство | Слаба социјална моќ<br>Слаба иницијатива за привлекување на инвестиции |
| Управување со отпадот | Неразвиен систем за управување со отпадот и Постоење на диви депонии | Деградација на животната средина (почва, површински и подземни води, воздух) | Ниско развиена јавна свест<br>Немање соодветна депонија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Водоснабдување | Недоволно развиен систем за водоснабдување (застарена филтер станица) | Намален квалитет на вода за пиење | ЛС и Државната власт ја избегнуваат својата обврска да им обезбедат на сите граѓани чиста вода за пиење |
| Производство на здрава храна | Поттик на населението за производство на здрава храна | Зголемено производство и зголемена потрошувачка | Постои јавна свест, се организираат саеми и промоции на здрава храна |
| Отварање на граничен премин со Бугарија | Домашна и меѓународна иницијатива за отворање на граничен премин | Зголемен број на инвестици | Подобри мегународни транспортни релации и интерес за инвестирање |
| Средување на градското подрачје | Стари објекти пред распаѓање, улично осветлување и несредено централно подрачје | Лош впечаток кај посетителите | Немање финансии и слабо ангажирање од страна на ЛС |
| Професионално едуцирање на туристички работници и обука на населението | Недоволно професионални кадри за извршување на туристички активности | Непрофесионализам и непознавање на туристички работи | Немање на субјекти кои ќе извршат едукација |
| Маркетинг кампања за Еко-туризмот | Недоволна промоција - информираност на национално ниво | Слаба посетеност од туристи поради неинформираост за понудата на Берово | Слаб интерес и финансиска немоќ |
| Информираност на туристите | Потреба од постоење на Туристички Информаивен Пункт (и во иднина) | Слаба информираност на туристите | Самофинансирање на Туристички Информативен Пункт |

## 5.3. Листа на приоритетни активности кои треба да се превземат за развој на Еко-туризам во Берово

| | |
|---|---|
| 1 | Зголемување на капацитетите за сместување на туристите |
| 2 | Подобрување на понудата на туристички и рекреативни услуги |
| 3 | Спречување на загадување и деградација на езерото од отпадните води |
| 4 | Подобрување на промоцијата на културното наследство |
| 5 | Намалување на високиот процент на невработеност |
| 6 | Развивање на систем за управување со отпадот |
| 7 | Подобрување на системот за водоснабдување (филтер станица) |
| 8 | Поттик на населението за производство на здрава храна |
| 9 | Домашна и меѓународна иницијатива за отворање на граничен премин |
| 10 | Средување на градско подрачје-стари објекти пред распаѓање, улично осветлување и несредено централно подрачје |
| 11 | Едукација на кадри за извршување на туристички активности |
| 12 | Подобрување на промоцијата-информираност на национлано ниво за убавините на Берово |
| 13 | Продолжување на работата на Туристички Информативен Пункт |

## 5.4. ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

### 1. Зголемување на капацитетите за сместување на туристите

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка година | Предвиден буџет Евра [€] | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Создавање на услови за инвестирање во туристички капацитети | Промоција на можностите за инвестирање во туристички објекти | Обука на населението за вршење туристички услуги | Туристички асоцијации, Министерство за Економија, Хотелиери | 2005-2006 | 10.000 € | ЛС, Странски донации, Министерство за економија/ финансии, Инвеститори |
| Зголемување на капацитетите за приватно сместување | Едукација на населението кое има можност да нуди приватно сместување | Обука за начинот на формирање и функционирање на принципот Кревет и Доручек (B&B) | Туристички асоцијации, НВОи, Министерство за Економија | 2005-2007 | 5.000 € | Министерство за Економија, Странски донации Државни институции |
| Продажба и обнова на хотелот “Македонија” во центарот на градот | Да се понуди на домашен или странски инвеститор | Завршување на имотно правни работи | Министерство за Финансии, Министерство за Економија, ЛС, Суд | 2006 | 30.000 € | Министерство за Економија, Државни институции |

### 2. Подобрување на понудата на туристички и рекреативни услуги

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка година | Предвиден буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на понудата на туристичките услуги | Продажба на сувенири | Организирање на занаетчиите Организирана продажба на | Здружение на занаетчии, ЛС Локали , хотели продавници, | 2005-2006 | 8.000 € | ЛС, Меѓународни донатори,(УСАИД) Министерство за економија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сувенири | Индивидуални туристички работници (B&B) | | | |
| | Промоција на традиционална кујна | Организирани посети на места со традиционални специјалитети | Туристички водичи, хотели, туристички агенции, НВОи | 2005-2007 | 3.000 € | Хотелиери, БС, Провизија од сметка за туристички водич |
| | Промоција на културата и фолклорот | Организирање на културни манифестации | ЛС, НВОи, КУД | | 5.000 € | ЛС, Спонзори, Бизнис сектор |
| | Подобрување на забавниот живот | Средување на корзото и внесување на забавни содржини за деца | ЛС, ЈКП, Бизнис сектор, сопственици на кафулиња | 2005-2007 | 70.000 € | Приватни инвестиции, БС, ЛС, ЈКП |
| Зголемување на понудата на рекреативните услуги | Прибирање на информации и испитување на можноста за отворање на ски патеки | Изготвување на физибилити студија за економски развој | Локална Самоуправа | 2007 | 8.000 € | ЛС,<br>БС,<br>Приватни инвестиции |
| | Привлекување на спортисти и рекреативци | Трасирање на трим патеки за пешачење и велосипедизам, организирање на водени спортови | ЛС, Бизнис Сектор | 2006-2007 | 50.000€ | ЛС, Странски донатори, Агенција за спорт и млади, Министерство за економија/финансии |
| | Промоција на спортските објекти и привлекување на спортисти за подготовки | Изготвување на каталог за рекреативните и спортските капацитети и промоција | ЛС, Тур оператори, НВОи, хотели, БС – фирми кои ќе стопанисуваат со објектите | 2007 | 5.000 € | ЛС, фирми кои стопанисуваат со спортските објекти, Хотели, Спортски друштва, Спортски федерации |

### 3. Спречување на загадување и деградација на езерото од отпадните води

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка година | Предвиден буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Создавање на основи за Еколошки одржлив туризам | Подигнување на јавна свест кај граѓаните | Едукација на граѓаните и децата | НВО, ДСУ, ОУ | 2005-2007 | 5.000 € | Министерство за образование, Меѓународни донации, ЛС |
| Изградба на колекторски систем околу езерото | Информирање на државните институции за проблемите кои можат да настанат | Лобирање кај државните институции, пратеници, банки и донатори | ЛС, НВОи, БС, | 2005-2006 | 1.000.000 € | Меѓународни донации, банки, МЖСПП, Влада на РМ |
| Намалување на ефектот на отпадните води од објектите околу езерото | Информирање за опасностите и превземање на заштитни мерки | Подигнување на јавната свест кај сопствениците на викендички за загадувањето од отпадната вода | НВОи, ЛС | 2005-2007 | 10.000 € | Домашни и Меѓународни донации |

### 4. Подобрување на промоцијата на културното наследство

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка година | Предвиден буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зачувување на културното наследство | Организирање на кампањи, дебати, јавни настапи | Едукација на јавноста | ЛС, НВОи, ДСУ, ОУ | 2006-континуирано | 4.000 € | Домашни и Меѓународни донации |
| | | Медиумска кампања | ЛС, НВОи, БС, хотели, | 2006-2007 | 10.000 € | Министерство за економија/ култура, МПЦ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организирање на манифестации поврзани со зачувувањето на културното наследство | Брошури за културно наследство | ЛС, НВОи, ДСУ, Хотели | 2006-2007 | 3.000 € | Министерство за економија/ култура, Меѓународни и домашни фондации (ФИООМ), амбасади |
| | | Организирање на ликовни колониии културни кампови | ЛС, НВОи, хотели, КУД, Занаетчии | 2005-2007 | 5.000 € | Министерство за економија/ култура (ФИООМ) амбасади |

## 5. Намалување на високиот процент на невработеност

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка година | Предвиден буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на услови за отварање на нови работни места | Обучени туристички водичи | Обуки за туристички водич | ЛС, НВОи, Професори, Историчари, Извидници | 2005-2006 | 4.000 € | Домашни и Меѓународни донации |
| | Едукација на населението кое има можност да нуди приватно сместување | Обука за начинот на работа при изнајмување на приватно сместување (B&B) | Туристички асоцијации , НВОи, Министерство за економија | 2005-2007 | 5.000 € | Министерство за Економија , Домашни и Меѓународни донации, ГТЗ, ФИООМ, УНДП |
| | Привлекување на странски инвестиции во туризмот | Промовирање на можностите и убавините на саеми за туризам | ЛС, НВОи Хотели, БС , Министерство за Економија | 2006-2007 | 20.000 € | Министерство за економија / надворешни работи/ финансии ЛС/ БС |

## 6. Развивање на систем за управување со отпадот

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка година | Предвиден буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Воспоставување на систем за квалитетно управување со отпадот | Чистење на диви депонии | Мандатни казни и кривични пријави | ЛС, ЈКП | 2006 – континуирано | 30.000 € | ЛС, ЈКП |
| | Подобро и поефикасно собирање на отпадот во градот | Поставување на повеќе канти | ЈКП, ЛС | 2005-2007 | 20.000 € | ЛС, ЈКП, БС |
| | | Едукација на вработените во ЈКП | ЛС, ЈКП | 2005-2006 | 5.000 € | ЛС,ЈКП, Донации |
| | Подигнување на јавната свест кај населението за цврстиот отпад „Чист Град" | Презентирање на можности за рециклирање, сепарирање, енергетски можности | ЛС, ЈКП, НВОи | 2005-2007 | 3.000 € | ЛС,ЈКП,Донации |
| | Изградба на регионална депонија с.Карбинци од страна на влада на РМ | Лобирање за побрзо отворање на регионалната депонија | НВОи | 2005-2007 | 10.000 € | ЛС, Донации, ЈКП |

## 7. Подобрување на системот за водоснабдување (филтер станица)

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на квалитетот на водата за пиење | Квалитетен сsстем за водоснабдување во градот и околината | Поврзување на целата инфраструктура во Берово и околината со | ЛС, ЈКП | 2006-2007 | 300.000 € | ЛС, Меѓународни донации, Банки, МЖСПП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | водоводната мрежа | | | | |
| Изградба на пречистителна станица | Информирање на пошироката јавност за квалитетот на водата за пиење | Лобирање кај ЛС и државните власти за побрза изградба на пречистителната станица | ЛС, БС, НВОи | 2005-2007 | 400.000 € | МЖСПП, ЛС, Меѓународниа донации |

## 8. Поттик на населението за производство на здрава храна

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на бројот на луѓе кои произведуваат здрава храна | Поттик за производителите | Субвенции и помош | НВОи, ЛС, БС, Министерство за земјоделие | 2006-2007 | 50.000 € | Министерство за земјоделие, ЛС, БС |
| Стандарди за квалитетот на малешевските производи | Изработка на лого и знак за препознатливост | Објава на оглас за дизајн на лого, знак и слоган на производите | НВОи, ЛС, БС | 2006 | 5.000 € | ЛС, Меѓународни донации, ГТЗ, УНДП, ФИООМ |
| Континуирано одржување на саем на локални производи | Одржливост и финансирање на саемот | Промовирање на локални производи и Здрава храна | НВОи, ЛС | 2005-континуирано | 10.000 € | Меѓународни донации, ЛС, БС, Индивидуални производители, Министерство за земјоделие |
| | | Стратегија за одржливост на саемот за здрава храна | НВОи | 2006 | 4.000 € | ЛС |

**9. Домашна и меѓународна иницијатива за отворање на граничен премин со Р.Бугарија**
(Граничниот премин е завршен од Македонска страна)

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Отворање на граничен премин | Поголем интерес на државно ниво за потребите од отворање на граничен премин | Лобирање на национално и интернационално ниво и во Министертво за надворешни работи | ЛС, НВОи | 2005-2007 | 25.000 € | Меѓународни донации, ЛС |

**10. Средување на централно градско подрачје**

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Уредување на градот | Добар впечаток за посетителите | Уредување на влезот во Берово | ЛС, ЈКП | 2005-2006 | 40.000 € | ЛС, Меѓународни донации |
| | Осветлување на деловите од центарот каде што нема улично осветлување | Поставување на осветлување | ЛС | 2005-2007 | 50.000 € | ЛС, Меѓународни донации |
| | Заштита од атмосферски води | Изградба на атмосферска канализација | ЛС | 2006-2007 | 400.000 € | ЛС, Меѓународни донации |
| | Анимираност на најмладите | Поставување на клупи детски паркови и содржини | ЛС | 2006-2007 | 50.000 € | ЛС, Меѓународни донации |

## 11. Едукација на кадри за извршување на туристички активности

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обука на кадри за туристички работници | Професионален кадар | Организирање на обуки за различни туристички работници | НВОи,<br>ДСУ<br>Министерство за Економија<br>Старнски НВОи | 2005-2007 | 20.000 € | Меѓународни донации<br>Министерство за економија |

## 12. Недоволна промоција - информираност на национално ниво за убавините на Берово

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемена посетеност од страна на туристите | Привлекување на туристи | Маркетинг кампања за убавините и можностите на Берово | НВО, ЛС, БС, Туристичка Агенција, Маркетинг Агенција | 2006-2007 | 30.000 € | Странски донатори<br>Министерство за економија, БС, Хотели |
| Информираност на туристите | Занимација и афирмација на активностите кои туристите можат да ги направат во Берово | Изготвување туристички водич | НВОи, Планинари, ЈП Македонски шуми, хотели , ЈП Пасишта | 2006-2007 | 5.000 € | Странски донатори<br>Министерство за економија, БС, Хотели |

## 13. Потреба од постоење на Туристички информативен пункт

План на активности

| Цели | Задачи | Акции | Институции | Временска рамка | Предвиден Буџет | Извор на финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Постојана информираност на туристите | Претставување на локалитетите и можностите на регионот на туристите | Информирање на туристите | ТИП - Туристички Информативен Пункт | 2005-континуирано | 10.000 € | ЛС, Самофинансирањ е, Меѓународни донации, амбаади, хотели, УНДП, ФИООМ |
| | | Обезбедување на информации за сместувачки капацитети | | | | |
| | | Дистрибуција на брошури | | | | |
| | | Координација на туристички и рекреативни услуги | | | | |

**КРАТЕНКИ**

ДСУ–Државно Средно Училиште

МЖСПП-Министерство за животна средина и просторно планирање

БС–Бизнис Сектор

ЛС–Локална Самоуправа

АСМ–Агенција за спорт и млади

ГТЗ–Германско Друштво за Техничка Соработка

РЕЦ–Регионален Центар за Животна Средина

USAID–Програма за помош на Обединетите Нации

UNDP–Програма за Развој на Обединатите Нации

SWOT Анализа–Анализа за предностите/слабостите/можностите/заканите

РМ–Република Македонија

ГЕФ–Глобален Еколошки Фонд–Програма за Развој на Обединетите Нации

ТИП–Туристички Информативен Пункт

ЈПКР – Јавно Претпријатие за Комунални Работи

ЛАР – Локална Агенција за развој

ЈПП – Јавно претпријатие Пасишта

АПРЗ – Агенција за Поттикнување Развој на Земјоделството

КУД – Културно Уметничко Друштво

B&B (Bed & Breakfast) - Принцип на работа во која приватници изнајмуваат кревет со дуручек на туристите

ФИООМ – Фондација Институт Отворено Општество Македонија

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНЖЕНЕРИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Здружението на Инженери за Животна Средина “Развојна Програма” е професионално здружение кое постои со цел да го промовира инжинерството на животната средина и да обезбеди информации, обука и проектни активности во полето на животната средина за членовите на здружението.

Здружението е основано на 30.01.2001 во Скопје од страна на инжинерите за животна средина во Македонија.

Со тек на времето, здужението разви активности и партнерство како на локално и регионално така и на меѓународно ниво. Во друштвото членуваат лица од различни професии. Здружението е водено од неговите членови заедно со секретаријат кој обезбедува соработка и административна поддршка.

Инжинерството за животна средина е интердисциплинарен предмет кој ги доближува аспектите на механичкото, технолошкото, енергетското, хемиското инжинерство и економијата со животна средина.

**Активности**

Здружението нуди целосен опсег на услуги во полето на животната средина, истражувања и проекти од областа на третман на води, управување со отпад, заштеда на енергија, почисто производство, индустриски мониторинг, алтернативна енергија, заштеда на електрична и топлинска енергија, оценка на елаборати, документација за влијание врз животната средина.

**Специјални технички групи**

Генерално досега проектите на кои работело здружението се од полето на :

- Менаџмент со животна средина
- Климатски промени
- Индустриски процеси, заштеда на енергија, почисто производство
- Архуска конвенција
- Лобирање
- Национални информациски системи за животна средина
- Проценка на влијанија врз животна средина
- Еко туризам

**СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЕКО ТУРИЗМОТ ВО БЕРОВО**

*Проектот е изработен од*

Здружение на Инженери за Животна Средина
"Развојна Програма"
ул.Пандо Кљашев 5, Скопје
070/514 000
seedp@freemail.com.mk

*Координатор на проект*
Александра Каракашова

*Асистент на проект:*
Љупка Постолова

*Уредник:*
Саздов Методија

*Проектот е поддржан од:*
Регионалниот Центар за заштита на животната средина
за Централна и Источна Европа со средства обезбедени од
Europe Aid Канцеларијата за Соработка на Европската Комисија

*Тираж:*
400 Копии